Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 271, 15 февруари 2021 година

февруари 2021 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска Атанасовска
Техничко уредување: Кире Зафиров
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

# С О Д Р Ж И Н А

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ СОМНОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ..... 5

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА И УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ - ЏЕЗ ГИТАРА (60910) НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ..... 17

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗАНАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИЗИЧКА ХЕМИЈА И ФАРМАЦЕВТСКА ТЕХНОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП ..... 23

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ЕКОЛОГИЈА ВО ПРЕХРАНБЕНАТА ТЕХНОЛОГИЈА” ОД ПРОФ. Д-Р КИРО МОЈСОВ, ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ..... 42

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „ОСНОВИ НА МОТОРИ СО ВНАТРЕШНО СОГОРУВАЊЕ“ ОД ПРОФ. Д-Р РИСТО ЃОРГИ КУКУТАНОВ, МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП ..... 44

РЕЦЕНЗИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ УЧЕБНИК СО НАСЛОВ „ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ И ИНСТИТУЦИИ“ ОД ПРОФ. Д-Р МАРИЈА ГОГОВА-САМОНИКОВ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП ..... 47

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „СПЕЦИЈАЛНО ГРАДИНАРСТВО”ОД ДОЦ. Д-Р ДАНИЕЛА ДИМОВСКА, ПРОФ. Д-Р ФИДАНКА ТРАЈКОВА, ПРОФ. Д-Р ЉУПЧО МИХАЈЛОВ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ..... 50

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА - СКРИПТА” ОД ДОЦ. Д-Р ДУШКО ЈОШЕСКИ И ВОН. ПРОФ. Д-Р ТАТЈАНА БОШКОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП ..... 53

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА - ПРАКТИКУМ” ОД ДОЦ. Д-Р ДУШКО ЈОШЕСКИ И ВОН. ПРОФ. Д-Р ТАТЈАНА БОШКОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ..... 57

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ИНДУСТРИСКИ ОДНОСИ - РЕГУЛАТИВА, ТЕОРИЈА И ПРАКТИКА” ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р АНДОН МАЈХОШЕВ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ..... 60

ПРЕГЛЕД НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО- НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА ..... 65

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ СОМНОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-156/8 од 24.9.2020 година донесена на 246. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 24.9.2020 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен вонреден професор за наставно-научна област сомнологија (30908) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија е во состав:

- **д-р Бранислав Стефановски** - претседател, редовен професор за наставно-научна област психијатрија на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје,
- **д-р Виктор Исјановски** - член, вонреден професор за наставно-научна област психијатрија на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје,
- **д-р Ленче Милошева** - член, редовен професор за наставно-научните области клиничка психологија и психопатологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 5-6.9.2020 година и во предвидениот рок се пријави: проф. д-р Кнегиња Рихтер, вработена на Универзитетската клиника за психијатрија и психотерапија и Факултет за социјална работа, Технички универзитет „Георг Симон-Охм“, Нирнберг, и ангажирана на Приватниот медицински универзитет, Нирнберг, Германија.

.Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Проф. д-р Кнегиња Рихтер** е родена на 20 април 1966 година во Штип. Основното и средното образование ги завршува со континуиран одличен успех. Во периодот од 1984 до 1990 година студира општа медицина на Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Од 1990 до 1993 година волонтерски работи на Одделот за неврофизиологија, Клиника за невропсихијатрија при Медицинскиот факултет во Скопје, при што се обучува за работа во областа на неврофизиологија, електроенцефалографија, електромиографија, магнетната стимулација, евоцирани потенцијали, како и прегледи на автономниот нервен систем. Во 1991 година завршува вонредна едукација на Школата за медицински сестри во Штип. Во 1992 година го положува стручниот испит за доктор по медицина, а во 1993 година добива годишна стипендија за специјализација од Германската фондација ДААД на Универзитетската клиника за неврологија, Оддел за неврофизиологија при Универзитетот „Фридрих-Александар“ во Ерланген, Германија. Во 1997 година следи одбрана на докторска дисертација при Универзитетот „Фридрих–Александар“ во Ерланген, Германија, под наслов „Преглед на автономниот нервен систем со анализа на варијабилитет на срцева фреквенција“, интердисциплинарна тема од областа на неврологијата, психијатријата и кардиологијата (автономен нервен систем). Во 2008 година - нострификација на докторатот од страна на Министерството за образование и наука на Република Македонија. Во 2000 година се здобива со сертификат за електроенцефалографија од Германска асоцијација за неврофизиологија. Во 2002 година

го положува специјалистичкиот испит при Лекарската комора на Германија, специјалист по психијатрија и психотерапија. Од 2006 до 2009 година, завршува мастер студии при Катедрата за менаџмент во здравство со тема „Економски аспекти на превенција на сомнолошки заболувања кај вработени во ноќни смени“ при Универзитетот „Фридрих-Александер“ во Ерланген, Германија, и добива титула MHBA (Master of Health Business Administration). Во 2018 година завршува супспецијализација по сомнологија.

Од 2004 до 2007 година д-р Рихтер работи како заменик-директор на Клиниката за психијатрија и психотерапија во Клинички центар во Нирнберг, Германија, а од 2005 година и како раководител на Оддел за сомнологија и Лабораторија за психофизиологија, како и за обука на специјализанти за психијатрија и психотерапија во Нирнберг, Германија. Од 2000 до 2004 година д-р Рихтер била лице за контакт на Светската здравствена организација (WHO) во областа на реформите во психијатријата од кога повторно почнува соработката со македонските здравствени и научни установи. Од 2004 година до денес проф. Кнегиња Рихтер спроведува повеќе билатерални научноистражувачки проекти со учество на Македонија и Германија (под спонзорство на ДААД, WHO, Eli Lilly International Foundation). Од 2006 до 2011 година предава како доцент на Евангелистичкиот факултет за социјална работа, како и на Факултетот за социјални науки при Универзитетот „Георг Симон-Охм“ во Нирнберг, Германија, а од 2011 година следи избор во редовен професор на истиот универзитет по областа медицина. Проф. Рихтер е гостин едитор, член на едиторијален борд, како и едитор на повеќе меѓународни, индексирани списанија, рецензент во голем број интернационални стручни списанија и национален координатор за Баварија на Европската асоцијација за предиктивна, првентивна и персонализирана медицина (ЕПМА). Понатаму, проф. Рихтер е член на Етичка комисија, член на Комисија за човечки права, како и заменик на раководителот на докторски студии по медицина при Приватниот медицински универзитет „Парацелзус“ во Нирнберг, Германија.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во насловно звање вонреден професор***

**Општи услови за избор**

Проф. д-р Кнегиња Рихтер постигнала просечен успех од 8,7 на Медицинскиот факултет при УКИМ, специјалист по психијатрија и доктор по медицински науки. Поседува и научен степен мастер по здравствен бизнис и менаџмент. Имала претходни избори во звање: насловен доцент, приватен доцент, насловен професор како и редовен професор и визитинг професор.

Таа е автор на вкупно 88 публикации, објавени во целост во интернационални референтни списанија и раководител на неколку меѓународни научноистражувачки проекти.

**Посебни услови**

Проф. Рихтер е ментор на повеќе од 30 дипломски, четири магистерски и пет докторски труда во соработка со македонски и интернационални универзитети. Раководител и учесник во меѓународни проекти, како и автор на учебник и стручни монографии.

Во изборниот период од последните 5 години, кандидатката има објавено научни трудови во меѓународни научни списанија со импакт-фактор.

Проф. д-р Кнегиња Рихтер е редовен професор на Факултетот за социјални науки при Универзитетот „Георг Симон-Охм“ во Нирнберг, Германија од научни области на психијатрија и ангажиран професор на Приватниот медицински универзитет „Парацелзус“.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Richter K,** Peter L, Rodenbeck A, Weess H, G, Riedel-Heller S, G, Hillemacher T. | Shiftwork and Alcohol Consumption: A Systematic Review of the Literature | Eur Addict Res (2020) doi: 10.1159/000507573 | IF= 2,269 |
| 2 | **Richter, K.,** Baumgärtner, L., Niklewski, G. *et al.* | Sleep disorders in migrants and refugees: a systematic review with implications for personalized medical approach. | EPMA Journal (2020). https://doi.org/10.1007/s13167-020-00205-2, | IF= 4,901 |
| 3 | **Richter, K.,** Kellner, S., Miloseva, L. *et al.* | Therapie der Insomnie im höheren Lebensalter. | *Z Gerontol Geriat* 53, 105–111 (2020) https://doi.org/10.1007/s00391-019-01684-3 | IF= 0,863 |
| 4 | Peter, L.,Reindl, R. Zauter, S., Hillemacher, T. **Richter, K.** | Effectiveness of an Online CBT-I Intervention and a Face-to-Face Treatment for Shift Work Sleep Disorder: A Comparison of Sleep Diary Data. | *Int. J. Environ. Res. Public Health* (2019) *16*, 3081 | IF= 2,468 |
| 5 | **Kneginja Richter**; Lukas Peter; Hartmut Lehfeld; Harald Zäske; Salina Brar-Reissinger; Günter Niklewski. | Prevalence of Psychiatric Diagnoses in Asylum Seekers with Follow-Up. | BMC Psychiatry. (2018) 18-26,https:// doi: 10.1186/s12888-018-1783-y, PMID: 29925338 | IF= 2,419 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **6** | M. Behr, J. Acker, S. Cohrs, M. Deuschle, H. Danker-Hopfe, R. Göder, C. Norra, **K. Richter,** D. Riemann, C. Schilling, H.-G. Weeß, T. C. Wetter, L. M. Wollenburg, T. Pollmächer. | Prävalenz schlafbezogener Atmungsstörungen bei stationären Patienten mit psychischen Erkrankungen | Der Nervenarzt . Ausgabe 7/(2018) PMID:29876601, DOI: 10.1007/s00115-018-0545-x | IF=0,787 |
| **7** | Jesuthasan, J; Sonmez, E; Abels, I; Kurmeyer, C; Gutermann, J; Kimbel, R; Kruger, A; Niklewski, G; **Richter, K;** Stangier, U; Wollny, A; Zier, U; Oertelt-Prigione, S; Shouler-Ocak, M. | Near-death experiences, attacks by family members, and absence of health care in their home countries affect the quality of life of refugee women in Germany: a multi-region, cross-sectional, gender-sensitive study. | BMC Med. (2018) 16(1):15, doi: 10.1186/s12916-017-1003-5, PMID: 29391012 | IF= 9,088 |
| **8** | Richter, K., Acker, J., **Miloseva,L.,** Peter,L., Niklewski, G. (RK and AJ contributed equally as first authors) | Management of Chronic Tinnitus and Insomnia with Repetitive Transcranial Magnetic Stimulation and Cognitive Behavioral Therapy – a Combined Approach. | Frontiers in Psychology/ Clinical and Health Psychology, 8 (575). ISSN 1664-1078 (2017) | IF=2.323 |
| **9** | Acker, J**., Richter, K.,** (equally first author), Piehl, A.,J. Herold. JH Ficker, G. Niklewski. | Obstructive sleep apnea (OSA) and clinical depression—prevalence in a sleep center. | Sleep Breath. 21(2): 311-318. PMID: 27704327 DOI: 10.1007/s11325-016-1411-3 (2017) | IF=2,030 |
| **10** | Miloseva,L., Vukosavljevic-Gvozden,T., **Richter,K.,** Milosev,V., Niklewski, G. | Perceived social support as a moderator between negative life events and depression in adolescence: Implications for prediction and targeted prevention. | EPMA Journal, 8 (3). pp. 237-245. ISSN • Print ISSN1878-5077 • Online ISSN1878-5085 (2017) | IF=1.078 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **11** | Miloseva,L., Milosev, V., **Rihter, K.** | Cognition and Suicide: Effectiveness of Cognitive Behaviour Therapy. | International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education (IJCRSEE), 4 (1). pp. 79-84.(2016) ISSN ISSN 2334-847X (Printed) ISSN 2334-8496 (Online) | IF= 0.119 |
| **12** | **Richter, K**., Adam, S., Geiss, L., Peter, L., & Niklewski, G. | Two in a bed: The influence of couple sleeping and chronotypes on relationship and sleep. An overview. | Chronobiology International, 1–9. doi:10.1080/07420528.2016.1220388, PMID:27624285 | IF= 2,562 |
| **13** | **Richter Kneginja**, Jens Acker, Sophia Adam, Günter Niklewski. | Prevention of fatigue and insomnia in shift workers-a review of non-pharmacological measures. | The EPMA Journal (2016) 7: 16, PMID:27486484 | IF= 3,9 |
| **14** | **Richter, K.,** Lehfeld, H., & Niklewski, G. | Waiting for Asylum: PsychiatricDiagnosis in Bavarian Admission Center [Warten auf Asyl: Psychiatrische Diagnosen in der zentralen Aufnahmeeinrichtung in Bayern]. | Gesundheitswesen, 77, 834–838. doi:10.1055/s-0035-1564075 (2015) | IF=0.760 |

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

**Наставно-образовна дејност**

Својата академска кариера, проф. д-р Кнегиња Рихтер ја започнува како доцент од 2006 до 2011 година на Евангелистичкиот факултет во Нирнберг, како и на Техничкиот универзитет во Нирнберг. Во 2009 година е избрана во насловен доцент на УГД, област психијатрија. Во 2011 година е избрана во редовен професор на Техничкиот универзитет во Нирнберг и во 2014 година е избрана во насловен вонреден професор на УГД. Во 2018 е визитинг професор на Факултетот за медицински науки, УГД.

На прв циклус интегрирани студии проф. д-р Кнегиња Рихтер предава на:

- Универзитетот „Парацелзус“ во Нирнберг на студентите по општа медицина, предмети од областите на психијатрија, сомнологија;
- Техничкиот универзитет Нирнберг на студентите по социјални науки на предмет Медицина, како и Психијатрија.

– Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип на студентите по општа и дентална медицина на предмет Психијатрија.

На втор циклус специјалистички студии е акредитиран ментор за специјалистички студии по ментално здравје за дипломирана медицинска сестра/техничар. Ги предава предметите: Психијатрија и Ментално здравје во заедница.

Ментор е на мастер студенти на втор циклус студии на Техничкиот универзитет во Нирнберг, како и ко/ментор на мастер студент при Универзитетот во Минхен.

На трет циклус студии на студиската програма Невронауки предава група на предмети од областите неврофизиологија и сомнологија. Акредитиран и актуелен ментор е на двајца докторанди на невронауки на УГД, како и на докторанд во соработка со Универзитетот „Фридрих Александар“ во Ерланген и докторанд на Универзитетот „Рединг“ во Англија.

Поддржува млад и соработнички кадар преку вклучување во научноистражувачка работа во проектите кои ги раководи и преку нивно вклучување во наставниот процес. Покрај англискиот, зборува германски јазик-нативно ниво, за што има поднесена соодветна потврда од Филолошки факултет, УКИМ.

**Научноистражувачка дејност**

**Трудови објавени во стручни списанија со импакт-фактор од 2015 до 2020 г.**

Трудовите се достапни на следниот линк https://sqquid.pmu.ac.at/fis/suchen.person_publikationen?sprache_in=en&person_id_in=300972

1. **Richter K,** Peter L, Rodenbeck A, Weess H, G, Riedel-Heller S, G, Hillemacher T.(2020). Shiftwork and Alcohol Consumption: A Systematic Review of the Literature. Eur Addict Res 2020. doi: 10.1159/000507573, IF= 2,269

Систематски прегледен труд со систематско пребарување на релевантни бази на податоци со цел да се испита консумирање на алкохол кај вработени во смени. Резултатите покажуваат дека вработените во смени имаат зголемен ризик за злоупотреба на алкохолни пијалаци со цел да можат подобро да спијат. Ова укажува на потреба за превентивни програми за несоница и алкохолизам кај лица коишто работат во смени.

2. **Richter, K.,** Baumgärtner, L., Niklewski, G. et al.(2020). Sleep disorders in migrants and refugees: a systematic review with implications for personalized medical approach. *EPMA Journal* (2020). https://doi.org/10.1007/s13167-020-00205-2, IF= 4,901

Прегледен труд за сомнолошки заболувања кај работни мигранти, кај возрасни и неполнолетни бегалци. Резултатите покажуваат зголемен ризик од слип апнеа кај работните мигранти, додека пак кај бегалците постои корелација со инсомнија. Кај децата и младите со статус на бегалците, проблемите со спиењето се корелирани со посттрауматска стресна состојба. Овие резултати укажуваат на потреба од етаблирање на центри за предикција, превенција и персонализиран третман на заболувањата на спиењето кај овие ризични групи.

3. **Richter, K.,** Kellner, S., Miloseva, L. *et al.*(2020). Therapie der Insomnie im höheren Lebensalter. *Z Gerontol Geriat* 53, 105–111 (2020). https://doi.org/10.1007/s00391-019-01684-3, IF= 0,863

Прегледен труд со анализа на публицирани трудови на тема нефармаколошка и фармаколошка терапија на несоница кај постари лица. Трудот препорачува модификација на нефармаколошката терапија, особено кај лица со когнитивни дефицити и дава посебен осврт на можните несакани појави при третман со лекови. Истовремено следат препораки за фармаколошки третман на несоницата, земајќи ги предвид коморбидните заболувања коишто се јавуваат во напредната возраст.

4. Peter, L.; Reindl, R.; Zauter, S.; Hillemacher, T.; **Richter, K.** (2019). Effectiveness of an Online CBT-I Intervention and a Face-to-Face Treatment for Shift Work Sleep Disorder: A Comparison of Sleep Diary Data. *Int. J. Environ. Res. Public Health* 2019, *16*, 3081 IF= 2,468

Оригинален труд: Се испитува ефектот на телемедицинска интервенција со употреба на дигитализирана онлајн терапија во вид на кратка фокусирана бихејвиорална терапија за инсомнија кај вработени во ноќни смени и се споредува со вообичаена терапија со психотерапевт. Резултатите покажуваат сличен ефект мерен врз база на латенца на заспивање и квалитет на сон. Потребни се понатамошни студии со поголем број на учесници.

5. **Kneginja Richter**; Lukas Peter; Hartmut Lehfeld; Harald Zäske; Salina Brar-Reissinger; Günter Niklewski (2018). Prevalence of Psychiatric Diagnoses in Asylum Seekers with Follow-Up. BMC Psychiatry. 2018 ;18-26, doi: 10.1186/s12888-018-1783-y, PMID: 29925338 IF= 2,419

Оригинален труд кој прикажува психијатриско/психолошка дијагностичка постапка кај 309 азиланти во Германија како и споредбена анализа на поставените дијагнози после 6 месеци.

6. M. Behr, J. Acker, S. Cohrs, M. Deuschle, H. Danker-Hopfe, R. Göder, C. Norra, **K. Richter,** D. Riemann, C. Schilling, H.-G. Weeß, T. C. Wetter, L. M. Wollenburg, T. Pollmächer.(2018). Prävalenz schlafbezogener Atmungsstörungen bei stationären Patienten mit psychischen Erkrankungen. Der Nervenarzt. Ausgabe 7/2018. PMID:29876601, DOI: 10.1007/s00115-018-0545-x, IF=0,787

Оригинален мултицентричен труд кој покажува дека 25% од сите пациенти кои се наоѓаат на болничко лекување во психијатриски болници имаат синдром на опструктивни апнеи, кој не се дијагностицира и лекува, а претставува голем кардиоваскуларен ризик.

7. Jesuthasan, J; Sonmez, E; Abels, I; Kurmeyer, C; Gutermann, J; Kimbel, R; Kruger, A; Niklewski, G; **Richter, K;** Stangier, U; Wollny, A; Zier, U; Oertelt-Prigione, S; Shouler-Ocak, M.(2018). Near-death experiences, attacks by family members, and absence of health care in their home countries affect the quality of life of refugee women in Germany: a multi-region, cross-sectional, gender-sensitive study. BMC Med. 2018; 16(1):15, doi: 10.1186/s12916-017-1003-5, PMID: 29391012, IF= 9,088

Оригинална мултицентрична студија која анализира психосоцијални карактеристики на женски азиланти во Германија. Проект на Германска влада со опис и презентација на резултати на проектот оригинални податоци со анализа на психо/социјална состојба на 600 жени азиланти.

8. **Richter, Kneginja** and Acker,Jens and Miloseva,Lence and Peter, Lucas and Niklewski, Günter (2017). *Management of Chronic Tinnitus and Insomnia with Repetitive Transcranial Magnetic Stimulation and Cognitive Behavioral Therapy – a Combined Approach.* Frontiers in Psychology/Clinical and Health Psychology, 8 (575). ISSN 1664-1078. (KR and JA contributed equally as first authors) IF=2.323 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17804

Во оваа научна студија на случај, презентиравме случај на 53-годишен пациент од машки пол, кој почнал да искусува симптоми на 49-годишна возраст, кои биле најверојатно поврзани со стрес на работното место. Во текот на болеста, пациентот развил коморбид инсомнија. Направивме третман со десет сесии на репетитивна транскранијална магнетна стимулација (rTMS) следена со последователна когнитивно-бихејвиорална терапија (CBT). По завршувањето на третманите со комбинацијата на технолошки и психолошки пристап, подобрувањата на применетите тестови беа видливи во однос на нивото на тинитус симптоми, нивото на депресивни симптоми и добросостојбата.

9. Acker, J.**, Richter, K.,** (equally first author), Piehl, A., J. Herold. JH Ficker, G.(2017). Niklewski. Obstructive sleep apnea (OSA) and clinical depression—prevalence in a sleep center. Sleep Breath. 2017; 21(2): 311-318. PMID: 27704327 DOI: 10.1007/s11325-016-1411-3 , IF=2,030

Оригинален труд кој прикажува преваленција на депресија кај пациенти со синдром на опструктивни ноќни апнеи од 25 %, при што се укажува на неколку заеднички симптоми како дневниот замор, поспаност, намалени нагони и либидо, како и непрепознавање на депресијата кај пациенти со ОСАС. Трудот е наменет за лекари специјалисти по интерна медицина, со цел за лесно препознавање и дијагностицирање на сомнолошки заболувања. Прегледен и оригинален труд каде што се објаснуваат заедничките патофизиолошки механизми на депресија и ОСАС.

10. Miloseva,Lence and Vukosavljevic-Gvozden,Tatjana and **Richter, Kneginja** and Milosev, Vladimir and Niklewski, Günter (2017). *Perceived social support as a moderator between negative life events and depression in adolescence: Implications for prediction and targeted prevention.* European Preventive EPMA Journal, 8 (3). pp. 237-245. ISSN • Print ISSN1878-5077 • Online ISSN1878-5085, IF=1.078 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18801

Во овој оригинален научен труд првата цел беше да се определи дали перципираната социјална поддршка има модераторска улога во примерок кој се состои од клинички, субклинички и контролни испитаници. Втората цел беше да се идентификува во која од субгрупите инеракциониот ефект е значаен, односно перципираната социјална поддршка се однесува како модератор. Резултатите покажаа дека поврзаноста помеѓу нивоата на депресивните симптоми и негативните настани се менува во зависност од промените на вредноста на модератор варијаблата, перципирана социјална поддршка. Посебно интересен наод е дека модерирачкиот интеракционен ефект беше значаен само во субклиничката група ($p < 0.001$).

11. Miloseva, Lence and Milosev, Vladimir and **Richter, Kneginja** (2016). *Cognition and Suicide: Effectiveness of Cognitive Behaviour Therapy.* International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education (IJCRSEE), 4 (1). pp. 79-84. ISSN ISSN 2334-847X) Printed) ISSN 2334-8496 (Online), IF=0.119 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15966

Целта на овој научен прегледен труд е да ги претстави емпириските наоди за ефективноста на когнитивно-бихејвиоралната терапија (CBT) во редуцирање на суицидалните когниции и суицидалното однесување. Анализата на емпириските наоди од најстариот, прв систематски преглед на трудови и мета-анализите и најновиот преглед покажуваат дека нема доволно аргументи од клиничките истражувања кои би сугерирале дека КБТ фокусирана на менталните болести ги редуцира суицидалните когниции и однесување. Но, од друга страна, сепак постојат наоди за ефикснoста на КБТ и потребата од тренирање на клиничарите во користење на овие методи и техники.

12. **Richter, K**., Adam, S., Geiss, L., Peter, L., & Niklewski, G. (2016). Two in a bed: The influence of couple sleeping and chronotypes on relationship and sleep. An overview. *Chronobiology International*, 1–9. doi:10.1080/07420528.2016.1220388, PMID:27624285, IF= 2,562

Прегледен труд за влијанието на заедничко спиење и хронотипологија врз манифестација на сомнолошки заболувања. Се анализира влијанието на хронотипот врз психолошките особини на поединците, како и врз квалитетот на меѓучовечките и партнерските односи. Цел на трудот беше да се испита корелацијата на квалитетот на спиење во зависност од тоа дали брачните партнери спијат во ист кревет или во поединечни кревети. Полисомнографските резултати покажуваат подобар квалитет при заедничко спиење кај мажите отколку кај жените што се должи на пофреквентни движења на мажите, како и ҏчењето.

13. **Richter Kneginja**, Jens Acker, Sophia Adam, Günter Niklewski (2016). Prevention of fatigue and insomnia in shift workers-a review of non-pharmacological measures. *The EPMA Journal* (2016) 7: 16, PMID:27486484, IF= 3,9

Прегледен труд со приказ на литература за ефективноста на превентивни мерки против замор и несоница кај вработени во смени. Епидемиологија на несоница поврзана со работа во смени, како и ефективност на немедикаментозна терапија.

14. **Richter, K.,** Lehfeld, H., & Niklewski, G. (2015). Waiting for Asylum: PsychiatricDiagnosis in Bavarian Admission Center [Warten auf Asyl: Psychiatrische Diagnosen in der zentralen Aufnahmeeinrichtung in Bayern]. *Gesundheitswesen, 77*, 834–838. doi:10.1055/s-0035-1564075 IF=0.760

Оригинален труд во кој се презентирани психијатриско вештачење на азиланти во приемниот центар во Баварија, Цирндорф. Проект на Германско министерство за социјална политика.

**Трудови во списанија без импакт фактор**

**15.** Richter K., Melanie Köck, Lukas Peter (2018). Insomnie und Sexualität. Atemwegs-und Lungenkrankheiten Jahrgang 44(8/2018):451-454

Трудот претставува осврт на корелациите помеѓу хроничната инсомнија и нивото на сексуални хормони во одредени животни периоди кај двата пола.

**16.** .Richter K., Lukas Peter, Stefanie Keller, Thomas Hillemacher (2018). Glücklich als Paar-glücklicher Schlaf? Somnologie - Schlafforschung und Schlafmedizin 22(3):194-198

Прегледен труд со цел да се испита корелацијата на квалитетот на спиење во зависност од тоа дали брачните партнери спијат во ист кревет или во поединечни кревети. Полисомнографските резултати покажуваат подобар квалитет при заедничко спиење кај мажите отколку кај жените што се должи на пофреквентни движења на мажите, како и ѓрчење.

**17.** Richter, K., Miloseva, L., Köck, M., Hillemacher T. Weess H.-G.(2018). Verhaltenstherapeutische Behandlung von Insomnie im Alter – wann und wie behandeln? Somnologie. 22(4):245-250 DGSM. Patientenratgeber (2018).

Се прикажува епидемиологија на несоницата кај постари луѓе и анализа на ефектите на медикаментозна и бихејвиорална терапија.

**18.** Acker J., Richter K.(2018). Schlafstörungen bei Schichtarbeit. Ärztliche Psychotherapie. Jahrgang 13, Heft 03, Juli 2018:164-170

Епидемиологија на несоница поврзана со работа во смени, како и ефективност на немедикаментозна терапија.

**19.** Richter K.(2018). Verhaltenstherapie der Insomnie. Schlaf. 3/2018:124-126

Се опишуваат ефектите на кратка бихејвиорална терапија кај хронична инсомнија.

**20.** Richter, K; Acker, J; Niklewski, G.(2017). Schlafstörungen in der hausärztlichen Praxis. Internistische Praxis. 2017; 57: 479-486

Трудот е наменет за лекари специјалисти по интерна медицина со цел за лесно препознавање и дијагностицирање на сомнолошки заболувања.

**21.** Richter, K; Peter, L; Adam, S; Geiss, L.,Niklewski, G.(2017). Chronotypen in Beziehungen. Schlaf. 2017; 6(2): 74-76.

Прегледен труд за влијание на хронотипот врз психолошките особини на поединците, како и врз квалитетот на меѓучовечките и партнерските односи.

**22.** .Richter, K; Peter, L; Niklewski, G.(2017). Insomnie bei Älteren. Schlaf. 2017; 6(1): 20-21.

Прегледен труд за инсомнија кај лица постари од 60 години.

**23.** Richter, K; Peter, L; Niklewski, G.(2017). Insomnie und Gender. Atemwegs- und Lungenkrankheiten. 2017; 43(10): 469-474.

Прегледен труд за карактеристики на инсомнија во зависност од полова припадност.

**24.** Richter, K; Peter, L; Acker, J; Geiß, L; Piehl, A; Herold, J; Niklewski, G.(2017). Depression und Schlafapnoe. Neuro aktuell. 2017 (9): 3-6

Прегледен и оригинален труд каде што се објаснуваат заедничките патофизиолошки механизми на депресија и ОСАС.

**Учество на конференции, конгреси во изборниот период 2015-2020 (селектиран избор)**

**25.** Acker Jens, Richter Kneginja (2019). OSAS and Depression-Genderdifferences World sleep Congress, Vancouver Canada, Sept.2019

**26.** Kneginja Richter (2018). Zwei in einem Bett: der Einfluss von Paarschlaf und Chronotypen auf die Beziehung und den Schlaf, Deutsche Gesellschaft zahnärztliche zahnmedizin; 13.10.2018; Nürnberg. 2018.

**27.** Kneginja Richter (2018). Two in Bed-sleep Quality and co-sleeping. Macedonian psychiatry congress; 30.11.2018-01.12.201; Ohrid. 2018.

**28.** Kneginja Richter (2018). Kognitive Verhaltenstherapie der Insomnie . Macedonian psychiatry congress; 30.11.2018-01.12.201; Ohrid. 2018.

**29.** Kneginja Richter (2018). Zwei in einem Bett: der Einfluss von Paarschlaf und Chronotypen auf die Beziehung und den Schlaf.Deutsche Gesellschaft zahnärztliche zahnmedizin; 13.10.2018; Nürnberg.

30. Kneginja Richter, Jens Acker (2018). 1-Tages Workshop Schlafmedizin für Psychiater und Psychotherapeuten https://www.dgppnkongress.de/_Resources/Persistent/30e6fb792ca31d3b5c3cd3ec376dba1d4cb66227/2018-05-02_DGPPN_Vorprogramm_Kongress_2018_ES.pdf. 2018; -DGPPN Kongress; 28.11.2018-01.12.201; Berlin.
31. Acker, J; Richter, K .(2017). Schlafmedizin für Psychiater und Psychotherapeuten. Workshop. 2017; -WPA XVII World Congress of Psychiatry; 08.-12.10.2017; Berlin.
32. Miloseva, L; Milosev, V; Richter, K; Peter, L; Niklewski, G. (2017). Prediction and prevention of suicidality among patients with depressive disorders: Comorbidity as a risk factor. 2017; 8 (Supplement 1): EPMA World Congress 2017; 14.-17.09.2017; Valletta.
33. Peter, L; Richter, K; Acker, J; Höfig, J; Miloseva, L; Niklewski, G. (2017). Combining repetitive transcranial magnetic stimulation and cognitive behavioral therapy for effective treatment of tinnitus and insomnia. A case report. 2017; WPA XVII World Congress of Psychiatry; 08.-12.10.2017; Berlin.
34. Richter, K, Peter, L, Acker, J, Höfig, J, Miloseva, L, Niklewski, G. (2017). Combining repetitive transcranial magnetic stimulation and cognitive behavioral therapy. 2017; 8 (Supplement 1):-EPMA World Congress 2017; 14.-17.09.2017; Valletta.
35. Richter, K. (2017). Immer Probleme mit dem Schlafen!? Veränderungen unseres Schlafverhaltens, Gesunde Schlafhygiene, Krankhafte Störungen des Schlafes und Ihre Lösungsansätze Gesundheitsamt Schweinfurt; 28.11.2017; Schloss Werneck. 2017.
36. 36.Richter, K. (2016). Schlaf und PTBS bei Asylbewerbern.Deutsche Gesellschaft für Psychiatrie und Psychotherapie, Psychosomatik und Nervenheilkunde e.V. (DGPPN) Kongress 2016: Psyche – Mensch – Gesellschaft.; 23.-26.11.2016.
37. Richter, K., Acker, J, Niklewski, G. (2015). Personalised approach for sleep disturbances in shift workers. Abstractband - EPMA Journal. 2016; 7(1 (Suppl. 1)):30-31.-EPMA-World Congress 2015; 03.-05.09.2015; Bonn.
38. 38.Richter, K, Miloseva, L, Niklewski, G. (2015). Sleep apnea and sleep fragmentation contribute to brain aging. Abstractband - EPMA Journal. 2016; 7(S1):30--EPMA-World Congress 2015; 03.-05.09.2015; Bonn.
39. Richter, K, Niklewski, G. (2015). Bewältigungsstrategien von Fatigue und Insomnie im Schichtdienst: Ergebnisse einer Literaturübersicht. Somnologie. 2015; 19 (suppl. 2): 80-80.-23. Jahrestagung der DGSM; 3.–5.12.2015; Mainz.
40. Richter, K, Niklewski, G. (2015). Psychologische Eigenschaften und Bindungsfähigkeit in Abhängigkeit vom Chronotypus. Somnologie . 2015; 19 (suppl. 2): 68-68.-23. Jahrestagung der DGSM; 3.–5.12.2015; Mainz.
41. Richter,K.(2015).Verhaltenstherapeutische Behandlung von Insomnie bei Älteren. Luzerner Schlaftage Klinik für Schlafmedizin; 22.01.2015; Bad Zurzach. 2015.

**Научни книги**

Автор е на универзитетски учебник, научни и стручни монографии, од кои во периодот на избор, поглавје во научни книги:

42. **Kneginja Richter** et al.(2019). Management of chronic tinnitus and insomnia with rTMS and CBT-a combined approach. In: Cederroth, C., Schlee, W. et al. eds. Towards an Understanding of Tinnitus Heterogenity. 2019; Chapter 5; 766-773. Lausanne: Frontiers Media. DOI:10.3389/978-2-88945-896-7
43. **Richter K.**, Lukas Peter, Lence Miloseva, Thomas Hillemacher, Günter Niklewski, Olga Golubnitschaja (2019). Relevance of Flammer syndrome for the "Sleep-Wake" rhythm: possible mechanisms, risks and preventive strategies in "Flammer Syndrome :From Phenotype to Associated Pathologies, Prediction, Prevention and Personalisation. Edited by Olga Golubnitschaja. Springer. ISBN10 3030135497, ISBN13 9783030135492. Publication date: 26.07.2019 DOI: 10.1007/978-3-030-13550-8_8

**Раководител/кораководител на научноистражувачки проекти**

**44.** Gebis BMBF Bundesministerium für Bildung und Forschung Gesund Bleiben im Schichtdienst; Раководство со Prof. Richard Reindl, 2019

**45.** OMM-Onlineschafberatung zur Müdigkeitsmilderung. Фондација Städler Раководство со Prof. Richard Reindl, 2016-2017

**46.** Female refugees. Beauftragte der Bundesregierung für Integration, Migration und Flüchtlinge, 2016

**47.** Online Schlafberatung, Terapie von Tinnitus mit rTMS und CBT Terapie der Schlafstörungen bei Schichtarbeiter mit CBT I und Lichttherapie, 2016.

**Учесник во научно истражувачки проекти**

**48.** 2019/GET Sleep-Innovationsfond Deutschland

**49.** 2019/Prävalenz des RLS Syndroms-multizentrische Studie des Referates Schlaf der Deutschen Gesellschaft für Psychiatrie, Psychotherapie und Nervenheilkunde (DGPPN).

**Награди за научни достигнувања**

2018 Награда за наука на Медицински универзитет „Парацелзус" /сребро
2018/Награда за труд со ИФ на УГД
2017 Награда за наука на Медицински универзитет „Парацелзус" /бронза
2016 Награда за наука на Медицински универзитет „Парацелзус" /злато
2015 Награда за наука на Медицински универзитет /бронза.

Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

Стручни книги/поглавја:

**50.** **Kneginja Richter**. Schlafen Sie gut!: Ihr Schlafprogramm für aufgeweckte Tage und erholsame Nächte. (2015). (1st ed.). Stuttgart: TRIAS

**51.** **Richter, K.** (2015). Verhaltenstherapeutische Behandlung von Insomnie bei Älteren. In W. Heiß (Ed.), Altersmedizin aktuell. Interdisziplinäre geriatrische Versorgung (38th ed.). Landsberg/Lech: ecomed.

**52.** **Richter, K.,** & Niklewski, G. (2016). Depression und Migration. In T. Hax-Schoppenhorst & M. Herrmann (Eds.), Das Depressions-Buch für Pflege- und Gesundheitsberufe. Menschen mit Depressionen gekonnt pflegen und behandeln (1st ed.). Bern: Hogrefe.

**53.** **Richter, K**., & Niklewski, G. (2016). *Psychische Störungen bei Migranten, Lehrbrief.* CEKIB, PMU, & Klinikum Nürnberg. Fernlernstudiengang: Migration und Gesundheit, Nürnberg, Germany.

**54.** **Richter, K**., Myllymäki, J., & Niklewski, G. Schlafschulung für.(2016). Ältere in der Gruppe:
Ein Manual zur Behandlung von Schlafstörungen bei Menschen über 60 Jahren. Frankfurt am Main: Mabuse-Verlag.

**Стручни награди и признанија:**

2020 Врвен лекар во областа сомнологија во Германија (Focus Gesundheit)
2019 Врвен лекар во областа сомнологија во Германија (Focus Gesundheit).

**Уредник, член на уредувачки одбор и рецензент на интернационални научноистражувачки списанија и фондации:**

Somnologie (уредник за Хронобиологија), EPMA Journal (Editorial Board Member), Journal of Psychosomatic Research, Journal for Sleep Research, Plos one, Industrial Health, Sleep and Breathing, Neuro-Psychopharmacology, Fortschritte in der Neurologie und Psychiatrie, Journal for Special Education and Rehabilitation (Editorial Board Member), Journal for Reattach Therapy and Developmental Diversities (Editorial Board ), Research Grant Council (Hong Kong University), Jubiläumsfonds der Österreichischen Nationalbank, Рецензент на апликации за научноистражувачки проекти на Германска асоцијација за сомнологија.

### ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/18) и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 46 од 7.2.2020 год.), по разгледување на доставената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Кнегиња Рихтер ги исполнува сите услови за избор во насловното звање насловен вонреден професор. Кандидатката има континуирано наставно и научно напредување од основањето на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и на универзитети во Германија. Од анализата на трудовите се гледа дека нејзините научноистражувачки резултати имаат голем придонес во науката, но воедно се и афирмација на Факултетот во земјава и надвор од неа. Апликативните и организациски активности на кандидатката се исто така очигледни од изнесените факти. Врз основа на оценката на наставно-образовната (НО), научноистражувачката (НИ) и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (СА) во изборниот период на д-р Кнегиња Рихтер, Комисијата констатира дека поените по области се следните: НО=40, НИ=389 и СА=71 (вкупно 500 поени). Овој сумарен обем значително ги надминува неопходните поени за избор во звањето насловен вонреден професор. Врз основа на изложеното, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на **Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката д-р Кнегиња Рихтер да ја избере во звањето насловен вонреден професор во психијатриската наставно-научната област сомнологија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Бранислав Стефановски,** редовен професор, претседател, с.р.
**Д-р Виктор Исјановски,** вонреден професор, член, с.р.
**Д-р Ленче Милошева,** редовен професор, член, с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА И УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ - ЏЕЗ ГИТАРА (60910) НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1402-37/4 од 27.1.2021 година донесена на 72. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија, одржана на 27.1.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научна и уметничка област видови на инструменти – џез гитара (60910), Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија е во состав:

– **м-р Антонијо Китановски,** редовен професор од наставно-научните области видови на инструменти џез гитара и џез композиција, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, претседател;
– **м-р Георги Мицанов,** редовен професор од наставно-научната област видови на инструменти саксофон, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член;
– **д-р Ангеле Михајловски,** редовен професор од наставно-научните области видови на инструменти - пијано, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 31.12.2020 година и во предвидениот рок се пријави само кандидатот м-р Сашо Поповски, вонреден професор на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**М-р Сашо Поповски** е роден во 1977 година во Битола. Основно и средно образование завршува во Битола. Дипломира во 2005 година на Националната музичка академија „Панчо Владигеров“ во Софија, Р. Бугарија, и се стекнува со степен бакалавр по поп и џез гитара, инструменталист – гитарист. Магистрира во 2008 година на Нов бугарски универзитет во Софија, Р. Бугарија, на Одделот за музичко мајсторство – музичко искуство и се стекнува со степен магистер по поп и џез гитара исполнителство и педагогија. Во 2007 година го завршува мајсторскиот клас за џез импровизација кај проф. д-р Милчо Левиев на Нов бугарски универзитет – Софија, Р. Бугарија.

Кандидатот м-р Сашо Поповски своето професионално искуство почнал да го оформува во 1995 година преку формирање на џез-рок состави и во 1996 година ја освојува првата награда од жири на Поп рок фест – Скопје. Во 2006 година работи како професор на Меѓународен славјански институт – Битола, во 2007 год. работи како професор во СОУ „Крсте Петков Мисирков“ – Демир Хисар. Од 2008 година кандидатот е вработен на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за музичка уметност на Одделот за џез студии како стручен соработник. Во 2011 година е избран во доцент на Факултетот за музичка уметност.

Во април 2016 г. е избран за вонреден професор по џез гитара на Музичката академија при УГД – Штип. Во периодот до 2020 год. остварува низа успешни концертни активности во земјава и во странство, учествува на реномирани светски конференции и работилници за џез и музичка индустрија. Од 2018 г. го формира Џез фабрика фестивал – Битола и станува партнер во проекти поддржани од Европската комисија за култура – Креативна Европа.

Од 2014 година е избран за шеф на Одделот за џез музика на Музичката академија и во овој период дипломираат близу 30 студенти.

**Критериумите за избор во сите звање наведени во Конкурсот беа следниве:**

Кандидатот треба да има завршено високо образование од втор степен за наставно-уметничките области, како и да ги исполнува останатите услови наведени во членот 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот, беа следниве:

– Пријава: има;
– Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски труд: има;
– Уверение за положени испити: има;
– Кратка биографија: има;
– Потврда дека се служи со еден од светските јазици: има;
– Список на објавени научни и стручни трудови: има;
– Уверение за државјанство: има.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор**

**1.** Кандидатот м-р Сашо Поповски е избран во звање вонреден професор за наставно-научна уметничка област џез гитара на Музичката академија 1 април 2016 година.
**2.** Остварен просечен успех од најмалку осум на студиите од втор циклус (постдипломски студии ги завршува со просек 9,61).
**3.** Кандидатот м-р Сашо Поповски треба да има остварено минимум осум целовечерни концерти.

**Концертни активности:**

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Наслов на концертот | Датум на изведба |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Сашо Поповски | целовечерен концерт | Петро џез фестивал 2020 Санкт Петербург - Русија | 3.7.2020 г. |
| 2 | Сашо Поповски | целовечерен концерт | Скопје џез фестивал 2020 – 39. издание | 17.10.2020 г. |
| 3 | Сашо Поповски | целовечерен концерт | Џез во Албанија – Тирана 2020 | 22.9.2020 г. |
| 4 | Сашо Поповски | целовечерен концерт | Ваљево џез фестивал 2020 –36. Издание, Србија | 27.12.2020 г. |
| 5 | Сашо Поповски | целовечерен концерт | Рочела Јоника џез фестивал 2019 - Италија | 12.8.2019 г. |
| 6 | Сашо Поповски | целовечерен концерт | Нишвил џез фестивал 2019 - Србија | 10.8.2019 г. |
| 7 | Сашо Поповски | целовечерен концерт | Будимпешта џез клуб 2019 - Унгарија | 23.9.2019 г. |
| 8 | Сашо Поповски | целовечерен концерт | Петровац џез фестивал 2019 – Црна Гора | 5.9.2019 г. |

4. Под негово менторство се изработени дипломски или магистерски трудови: Под менторство на проф. м-р Сашо Поповски се изработени 15 дипломски труда.
5. Покажал способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност: Проф. м-р Сашо Поповски покажува способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност; успешно изведува настава на додипломските студии на Одделот за џез студии при Музичката академија во Штип по предметот Џез гитара.
6. Има придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници: Проф. м-р Сашо Поповски има придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници; дипломираните џез гитаристи веќе работат како наставници по гитара во музичките училишта во државата, но и надвор од неа.
7. Има издаден универзитетски учебник или стручна книга или монографија или ЦД или ДВД: Проф. м-р Сашо Поповски има издадено три авторски ЦД-а со наслов „Fallen Land”, издавач SJF Records 2020 (Скопје џез фестивал), „Параходот“, издавач Jazz Fortnight 2019 и „4“ издавач Jazz Fortnight 2019.
8. Има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите реализирани на соодветни единици на Универзитетот: Проф. м-р Сашо Поповски има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите реализирани на соодветните единици на Универзитетот.
9. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40; (НИ)=45; (САОР)=15 или вкупно 100 поена.

**Наставно-образовна дејност**

Во периодот од 2016 до 2020 година студентите од класата по џез гитара на проф. м-р Сашо Поповски одржаа повеќе целовечерни групни и солистички концерти како дел од тековните активности од наставно-образовна дејност:

1. Април 2018, Џез фабрика фестивал Битола, 2018, концертни настапи во главна програма, учество во дебати и конференции (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/21336/).
2. Април 2019, Џез фабрика фестивал Битола, концертни настапи во главна програма, учество во дебати и конференции (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/22010/).
3. Јули 2019, 615 Асоцијација - СМОТРА#9 фестивал Битола, панел-дискусија со учество на музички културни работници и студенти (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/22262/).
4. Ноември 2017, Мултимедијална културна манифестација „Рокенролот - прогресивна алатка за значајни промени во општеството», панел-дискусија со учество на музички културни работници и студенти (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/18939/).
5. Октомври 2018, Џез фабрика, три работилници со студенти и концерти на тема „Џез музика и нејзиното влијание во создавањето на современата музика, стилови кои произлегуваат од корените на џезот“ (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/21335/).

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Од јануари 2016 година до декември 2020 година проф. м-р Сашо Поповски изведува 24 целовечерни солистички, камерни концерти во признати сали и настапи на групни концерти. Целовечерните концерти се наведени подолу (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под реден број 6 за вкупен број поени од овие концерти):

1. Јули 2020, Петро џез фестивал 2020, Санкт Петербург - Русија (http://eprints.ugd.edu.mk/26933/).

2. Септември 2020, Скопје синема сити (http://eprints.ugd.edu.mk/26915/).
3. Септември 2020, Фестивал на музика од светот - Битола 2020 (http://eprints.ugd.edu.mk/26913/).
4. Август 2020, Тетово џез фестивал (http://eprints.ugd.edu.mk/26912/).
5. Септември 2020, Џез во Албанија – Тирана (http://eprints.ugd.edu.mk/26911/)
6. Декември 2020, Ваљево џез фестивал – Србија (http://eprints.ugd.edu.mk/26907/)
7. Октомври 2020, Скопје џез фестивал - (http://eprints.ugd.edu.mk/26908/)
8. Август 2019, Нишвил џез фестивал – Србија (http://eprints.ugd.edu.mk/22613/)
9. Септември 2019, Денови на македонска култура во Будимпешта, Унгарија Концерт на Сашо Поповски трио - Budapest Jazz Club (http://eprints.ugd.edu.mk/22616/)
10. Септември 2019, Петровац џез фестивал - Црна Гора (http://eprints.ugd.edu.mk/22615/)
11. Август 2019, Рочела Јоника џез фестивал – Италија (http://eprints.ugd.edu.mk/22614/)
12. Август 2019, Парк фестивал – Гостивар (http://eprints.ugd.edu.mk/22612/)
13. Јули 2019, Re:Imagining Jazz I #Alek Sekulovski – Jazz Fortnight (http://eprints.ugd.edu.mk/22283/)
14. Април 2019, Балкански џез фестивал Тирана – Албанија (http://eprints.ugd.edu.mk/21991/)
15. Ноември 2018, Џез фестивал Кикинда – Србија (http://eprints.ugd.edu.mk/21331/)
16. Октомври 2018, Фестивал Модоарс (http://eprints.ugd.edu.mk/21332/)
17. Август 2018, Фестивал Струмица опен (http://eprints.ugd.edu.mk/21333/)
18. Април 2018, Интернационален ден на џезот (http://eprints.ugd.edu.mk/21334/)
19. Јули 2017, Демирхисарско културно лето (http://eprints.ugd.edu.mk/18575/)
20. Септември 2017, Петровац џез фестивал – Црна Гора (http://eprints.ugd.edu.mk/18574/)
21. Август 2017, БИТ ФЕСТ Битола (http://eprints.ugd.edu.mk/18571/)
22. Април 2016, Интернационален ден на џезот (http://eprints.ugd.edu.mk/17111/)
23. Август 2016, Струшки вечери на поезијата (http://eprints.ugd.edu.mk/16531/)
24. Јули 2016, Топол културен бран - Демир Хисар (http://eprints.ugd.edu.mk/16501/).

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Во периодот од 2016 до 2020 година проф. Поповски активно е вклучен во повеќе факултетски органи и тела каде што значајно придонесува во развојот и прогресот на Универзитетот. Член е на Универзитетската комисија за самоевалуација. Во овој период издава 3 аудио ЦД-а под наслов „Fallen Land”, издавач SJF Records 2020 (Скопје џез фестивал), „Параходот“, издавач Jazz Fortnight 2019 и „4“ издавач Jazz Fortnight 2019.

### ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и по подеталното разгледување на доставената документација наведена во Конкурсот, Рецензентската комисија констатираше дека кандидатот вонреден професор м-р Сашо Поповски ги има остварено потребните поени кои се однесуваат на наставно-образовната дејност, научноистражувачката дејност и стручно-уметничките активности, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност или вкупно 186 поени (НО+НИ+САОР = 40+110+36 = 186) од неопходниот минимум од 100 поени.

Преку анализата и оценката на сите наведени постигнувања во периодот од април 2016 година до денес м-р Сашо Поповски остварува континуиран развој и постигнува значајни резултати во неговите наставни области.

Имајќи ја предвид наведената аргументација, чест ни е, како членови на Рецензентската комисија, да му предложиме на **Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да го избере кандидатот м-р Сашо Поповски во наставно-научното звање редовен професор за наставно-научната уметничка област видови на инструменти – *џез гитара* (60910) на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за потврдување на изборот на м-р Сашо Поповски во звање редовен професор за наставно-научната уметничка област видови на инструменти – џез гитара (60910) на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Антонијо Китановски,** редовен професор, претседател, с.р.;
**М-р Георги Мицанов,** редовен професор, член, с.р.;
**Д-р Ангеле Михајловски,** редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Ред. бр.** | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| **1** | Избран во звање вонреден професор | / | 40 |
| | ВКУПНО | **40** | |

| **Ред. бр.** | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| **6** | Музички настап на официјален концерт | 15 x 3 = 45 | 9 x 6=54 |
| **11** | Одбранет магистерски труд | | 1 x 4=4 |
| **13** | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти) | | 1 x 3=3 |
| **19** | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | | 2 x 2=4 |
| | Вкупно | **110** | |

| **Ред. бр.** | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | | |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство | |
| **1** | Книга - ЦД | 3 x 10=30 | | |
| **28** | Член на факултетски орган, комисија | 1 x 2=2 | | |
| **30** | Класен раководител, согласно со Кредит<br>трансфер системот - ЕКТС (за четири години) | 1 x 4 | | |
| | Вкупно | **36** | | |
| | ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ | **186** | | **169** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИЗИЧКА ХЕМИЈА И ФАРМАЦЕВТСКА ТЕХНОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Со Одлука бр. 2007-223/1 од 29.12.2020 година донесена на 251. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 28.1.2020 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област физичка хемија (10701) и фармацевтска технологија (30616) – еден извршител на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип во состав:

– **д-р Бистра Ангеловска** – редовен професор за наставно-научната област социјална фармација и фармацевтска технологија, специјалист по фармацевтска технологија, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип – претседател;
– **д-р Елена Дракалска-Серсемова** – вонреден професор за наставно-научната област фармацевтска технологија и социјална фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип – член;
– **д-р Петре Макрески** – редовен професор за наставно-научната област физичка хемија, вработен на Институтот по хемија, на Природно-математичкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат" и „Коха" на 9.12.2020 година и во предвидениот рок се пријави: **д-р Александар Цветковски, доцент, доктор по хемиски науки, од областа на физичка, пресметковна и структурна хемија.**

Пријавата ја разгледавме внимателно и утврдивме дека кандидатот доцент д-р Александар Цветковски, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во целост ги има доставено сите документи:
– Пријава;
– Кратка биографија (4 примероци);
– Диплома за завршени додипломски студии на Фармацевтски факултет (заверена кај нотар);
– Диплома за завршени постдипломски студии на Фармацевтски факултет во Белград-Србија (заверена кај нотар);
– Уверение за положени испити од додипломски студии на Фармацевтски факултет (заверена кај нотар);
– Диплома за одбранета докторска дисертација;
– Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство (еден примерок оригинал и три копии заверени кај нотар), докторат
– Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство (еден примерок оригинал и три копии заверени кај нотар), магистерски студии;
– Примерок од докторската дисертација;
– Список на објавени научни и стручни трудови;
– Примерок од објавените трудови;
– Сертификат за познавање на англиски јазик;
– Еден примерок од докторската дисертација (оригинал);
– Уверение за државјанство.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Александар Цветковски** е роден на 13.5.1971 год. во Куманово. Дипломира на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 1995 г. и положува стручен испит, со што се стекнува со лиценца за практикување на фармацевтска дејност во здравствениот сектор. Во 2002 година, на Фармацевтскиот факултет, Универзитет во Белград (Србија), ги завршува постдипломски студии со просек 9.8. За време на магистерските студии има едногодишен научноистражувачки престој на Одделот за фармацевтски науки при Универзитетот во Парма, како учесник во заеднички проект помеѓу универзитетите во Парма и Белград. Во рамките на овој проект ја реализирал и одбранил магистерската теза „Предформулациски истражувања на псевдополиморфизмот на карбамазепи и влијанието на бета-циклодекстрин врз фазната трансформација“, притоа стекнувајќи се со академска титула магистер по фармацевтски науки од областа на фармацевтска технологија. Академската кариера ја започнал во академската 2009/2010 година на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип како асистент по група предмети од студиската програма Фармација при Факултетот за медицински науки. Положил приемен испит за докторски студии на Одделот за фармацевтски и хемиски науки при Универзитетот во Ферара (Р. Италија), каде што во период од три (3) академски години, јануари 2012 – декември 2014 г., ја завршува академската програма за докторски студии и во Центарот за структурна дифрактометрија, при истиот Универзитет, ја реализира научноистражувачката работа. Докторската теза со наслов „Молекуларни кокристали од фармацевтски интерес“ ја брани на 14 април 2015 и се стекнува со академска титула доктор по науки од областа на структурна, пресметковна и физичка хемија. За време на докторските студии бил награден стипендист на италијанската влада, во рамки на програмата за унапредување на научните истражувања во покраината Емилија-Ромања, а поддржана од конзорциумот SPINNER и реализирана во рамките на заеднички проект помеѓу универзитетите во Ферара, Парма, Болоња и Модена.

Со Одлука бр.2002-117/10, од 16.6.2016 година од ННС на ФМН на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, избран е за доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Ангажиран наставник е по предметите во рамките на академската програма Фармација и стручната програма Медицински лаборанти при Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“.

Доцент д-р Александар Цветковски има голем придонес во научноистражувачката дејност на Факултетот за медицински науки преку неговото активно учество во повеќе проекти.

Автор и коавтор е на 59 трудови презентирани и публикувани во домашни и меѓународни манифестации и списанија.

( http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Cvetkovski=3AAleksandar=3A=3A.htmll).

Тековно учествува во 3 (три) истражувачки проекти во рамките на Програма на ЕУ за соработка во интерес на јакнење на капацитетите за научноистражувачката работа, (COST) и дополнително еден реализиран проект. Учествува во меѓународна школа за обука од областа на кристалографија (1st European Crystallography School, University of Pavia, 2014) и школа за процесирање на фармацевтски цврсти системи со примена на концептот механохемија (Малта, 2020). Има реализирано студиски престој на Институтот за фармација при Универзитетот во Або, Финска, како стипендист на ЕУ-Коимбра програма за поддршка на истражувачите (http://www.coimbra-group.eu), проект за развој на 3D леарска технологија за развој на цврсти фармацевтски системи (Development of the Printable Drug Delivery Systems) во 2011 година.

Бил ментор на три дипломски труда од академската програма Фармација на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ (одлуки 2003-247/14 31.10.2018; 2003-90/1 од 9.4.2019; 2003-272/1 од 25.12.2019) и ментор на завршен испит од стручни студии лаборант (Одлука 2003-60/13, 27.2.2018).

Надворешен соработник е на Центарот за структурна дифракција, во состав на Институтот за хемиски и фармацевтски науки при Универзитетот во Ферара, Р.Италија.

Пред да ја започне својата академска кариера на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, раководел со развој на фармацевтски производи во фармацевтска индустрија и бил консултант за инвестиции во фармацевтски и биотехнолошки сектори.

Кандидатот д-р Александар Цветковски е вклучен во активностите на Факултетот за медицински науки и има одлука и решение за член на универзитетска комисија:

– Член на Уписна комисија 2016/2017, согласно со Прилог бр. 0503-802/2.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор**

**Општи услови за избор:**

**1.** Просечен успех – Кандидатот ги завршува додипломските студии по Фармација на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот **„Св. Кирил и Методиј“** во Скопје и постдипломски студии т.е. магистерски студии по фармацевтски науки од областа на фармацевтската технологија, на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот во Белград, со просечен успех 9,3.

**2.** Научен степен - доктор на науки од областа на структурна, пресметковна и физичка хемија, со докторски студии и одбранет докторат на Институтот за хемиски и фармацевтски науки при Универзитетот во Ферара (Р. Италија). Претходен избор во звање - доцент од научната област во која се избира - со Одлука бр. 2002-117/10, од 18.6.2016, кандидатот е избран за доцент во областа физичка хемија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**3.** Објавени научни трудови во референтна научна публикација:

**а.** Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации:

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Година на излегување на списанието** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Cvetkovski Aleksandar | The Challenge for Engineering Pharmaceutical Crystalline Solids: Scientific and Regulatory Affairs perspectives for crystal structure design and prediction | (2020)<br><br>International Journal of Contemporary Research and Review, 11. pp. 20201-20210. ISSN 0976-4852 | 2010 |
| 2 | Cvetkovski Aleksandar, Drakalska Elena and Angelovska, Bistra | Increasing water solubility, the prerequsite for improvement of bioavailability. | (2018)<br><br>“Acta Medica Balkanica”, International Journal of Medical Sciences, 3 (5). pp. 9-12. ISSN 2545-4870 | 2016 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3** | Drakalska Elena and Angelovska Bistra and Cvetkovski Aleksandar and Stefanovska Tamara | Formulation and characterization of niosomes as potential nanocarriers for drug delivery. | (2018)<br><br>„Acta Medica Balkanica”- International Journal of Medical Sciences, 3 (5). pp. 19-22. ISSN 2545-4870 | 2016 |
| **4** | Angelovska Bistra, Drakalska Elena, Gligorovska Ana, Cvetkovski Aleksandar | Treatment of hypertension and complications in the Emergency Department-Delchevo | (2018)<br><br>Knowledge - International Journal, Scientific Papers. ISSN 2545-4439 | 2009 |
| **5** | Gjorgieva Ackova Darinka, Smilkov Katarina, Cvetkovski, Aleksandar and Makreski, Petre | (2020)<br><br>Vibrational spectroscopy studies on biosynthesized silver nanoparticles. | Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 66 (S1). pp. 27-28. ISSN 1409 - 8695 | 2001 |

**b.** или три научни трудови во научно списание со импакт фактор во последните пет години:

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Година на излегување на списанието** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Cvetkovski, Aleksandar and Ferretti, Valeria and Bertolasi, Valerio | New pharmaceutical salts containing pyridoxine | (2017)<br><br>Acta Crystallographica Section C: Structural Chemistry, Acta Cryst. C, C (73). pp. 1064-1070. ISSN 2053-2296 **IF 6.2** | 1948 |
| **2** | Smilkov, Katarina and Gjorgieva Ackova, Darinka and Cvetkovski, Aleksandar and Ruskovska, Tatjana and Vidovic, Bojana and Atalay, Mustafa | Piperine: Old Spice and New Nutraceutical? | (2019)<br><br>Current Pharmaceutical Design, 25 (15). pp. 1729-1739. ISSN 1873-4286 **IF 2.2** | 1995 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Duvlis, Sotirija and Dabeski, Drage and Cvetkovski , Aleksandar and Mladenovska, Kristina and Plaseska-Karanfilska, Dijana | Association of TNF-a (rs361525 and rs1800629) with susceptibility to cervical intraepithelial lesion and cervical carcinoma in women from Republic of North Macedonia. | (2020)<br><br>The International Journal of Immunogenetics , 47 (6). pp. 522-528. ISSN 1744-313X<br>**IF 1.13** | 1970 |

**4.** Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик - Кандидатот активно го познава англискиот јазик (доставена соодветна потврда), активно зборува италијански и основно ниво на турски јазик.

**5.** Способност за изведување на високообразовна дејност – Со активното учество во наставата како асистент и како доцент на повеќе предмети кандидатот покажа висока способност за изведување на високообразовна дејност.

**Посебни услови:**

**1.** Учество во научноистражувачки проекти односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати – во периодот од 2011 до 2020 година кандидатот учествува во четири научноистражувачки проекти: 2019-ongoing COST EU-CA18112 - Mechanochemistry for Sustainable Industry https://www.cost.eu/actions/CA18112/#tabs|Name:overview; 2019-ongoing COST EU-CA18202 - Network for Equilibria and Chemical Thermodynamics Advanced Research https://www.cost.eu/actions/CA18202/#tabs|Name:overview; 2017-ongoing *European Network on Understanding Gastrointestinal Absorption-related Processes - UNGAP CA16205* http://www.cost.eu/COST_Actions/ca/CA16205; 2015-2018 *COST Action CM1402 From molecules to crystals - how do organic molecules form crystals? (Crystallize).* http://www.cost.eu/COST_Actions/cmst/CM1402; 2012-2014

**2.** Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници – преку активно учество во наставата и проектите, како и активната соработка со наставниците и студентите, кандидатот дава значаен придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.

**3.** Рецензиран учебник, скрипта и практикум - Кандидатот е коавтор на учебни помагала (Учебник со практикум збирка задачи по физичка хемија, Учебник по аптека и аптекарско работење, рецензирана Скрипта по фармацевтска технологија 1, Практикум по фармацевтска технологија 1, рецензирана Скрипта по фармацевтска технологија 2 и рецензиран Практикум по фармацевтска технологија 2) објавени во е-библиотека за студентите на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Од 2010 до 2016 година како асистен, доцент д-р Александар Цветковски активно е вклучен во наставните активности на студиската програма Фармација и Стручната програма за медицинските лаборанти при Факултетот за медицински науки во реализација на лабораториска практична настава по предметите: Фармацевтска технологија 1, Фармацевтска технологија 2, Фармацевтска технологија 3 и Физичка хемија, Биорганска хемија, Аналитичка хемија за лаборанти.

По изборот за доцент во 2016 година до денес активно ја реализира наставата на ФМН во прв циклус на студии, насока Фармација, по предметите: Физичка хемија,

Фармацевтска технологија 3, Индустриска фармација, Медицински помагала, Општа и неорганска хемија за фармацевти, Биорганска хемија и Аналитичка хемија 2. На студиската програма за медицински лаборанти е вклучен во Хемија за медицински лаборанти и Аналитичка хемија за лаборанти.

Како резултат на наставната активност бил ментор на три дипломски труда од академската програма Фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" (одлуки 2003-247/14 31.10.2018; 2003-90/1 од 9.4.2019; 2003-272/1 од 25.12.2019) и ментор на завршен испит од стручни студии лаборант (Одлука 2003-60/13 27.2.2018), како и член на комисии за одбрана на 20-тина дипломски труда од други области на Факултетот за медицински науки.

Како доцент активно е вклучена и во наставата на втор циклус специјалистички стручни студии за дипломиран стручен лаборант по медицинска лабораториска дијагностика, специјализиран за работа во санитарно хемиска лабораторија со предметот Инструментални анализи – одбрани поглавја и методи.

Доцент д-р Александар Цветковски има голем придонес во научноистражувачката дејност на Факултетот за медицински науки преку нејзиното активно учество во повеќе проекти и тоа:

(38) Angelovska, Bistra and Drakalska, Elena and Cvetkovski, Aleksandar and Ivanovska, Verica and Atanasova, Dijana and Micevska, Angela (2017) *Придонес на фармацевтите во контрола на резистентноста на антибиотиците.* (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17930) проект

(39) Cvetkovski Aleksandar, 2019-ongoing COST EU- *CA18112 - Mechanochemistry for Sustainable Industry.* [Project] http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23710

(40) Cvetkovski, Aleksandar (2019) (Project member & Group leader form N. Macedonia) *NECTAR - the Network for Equilibria and Chemical Thermodynamics Advanced Research, a European science network funded under COST Action CA18202. Проект* http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26728

(41) Cvetkovski, Aleksandar (Project member from N. Macedonia) 2017-ongoing Smilkov, Katarina and Gjorgieva Ackova, Darinka and Cvetkovski, Aleksandar (2017) *European Network on Understanding Gastrointestinal Absorption-related Processes - UNGAP CA16205*. [Проект] http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18798

(42) Cvetkovski, Aleksandar (Project member from N. Macedonia) 2015-2018 *COST Action CM1402 From molecules to crystals - how do organic molecules form crystals? (Crystallize).* Проект http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19095

Кандидатот бил член на рецензентска комисија при избор на асистент – докторанд со Одлука бр. 2007-126/6 од 26.4.2017 г.

Автор и коавтор е на 59 трудови презентирани и публикувани во домашни и во меѓународни манифестации и списанија.

http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Cvetkovski=3AAleksandar=3A=3A.html

Кандидатот е коавтор на учебни помагала (Учебник по физичка хемија за фармацевти, Учебник по аптека и аптекарско работење, рецензирана Скрипта по фармацевтска технологија 1, Практикум по фармацевтска технологија 1, рецензирана Скрипта по фармацевтска технологија 2 и рецензиран Практикум по фармацевтска технологија 2) објавени во е-библиотека за студентите на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Трудовите од реден број 1 до 11 се рецензирани во Универзитетски билтен на Универзитетот „Гоце Делчев» бр. 31, ноември 2009 г. и Универзитетски билтен бр. 92, ноември 2012 г. за избор во два мандати во асистент од областа фармација/ фармацевтска технологија:

1. Cvetkovskii Aleksandar, Bettini Ruggero., Tasić Ljiljana., Stupar Mırjana., Casini Ilaria., Rossi Alessandra., Giordano Ferıinando., Thermal Properties of Binary Mixtures of β-cyclodextrin with Carbamazepine polymorphs, J. Therm. Anal. Cal. Vol. 68 (2002), 669-678 IF 2.47

2. Cvetkovski Aleksandar; Influence of Binder Solution in Wet Granulation Process on Properties of Propranolol Tablets, Proceeding Book of the 16th Congress of Chemists and Technologists of Macedonia (with international participation), Volume 1, Faculty of Technology and Metallurgy, Skopje, 28-30 October, 1999, pp.311-313.)
3. Cvetkovski Aleksandar; "GMP Preconditions for Quality in Pharmaceutical industry", Oral Presentation, TQM (Total Quality Management) Symposium, organized by Macedonian Quality Association and Macedonian Trade Chamber, Conference Proceeding book, Macedonia 1997
4. Cvetkovski Aleksandar., Tasić Ljiljana., Stupar Mirljana., Plenary Lecture "Approach for Selection of Methods for Characterization of the Pharmaceutical Solids", published in Archive for Pharmacy (Proceeding Book), no.4, pp. 536, Third Yugoslav Congress of Pharmacy with international participation, Belgrade, Yugoslavia, 29th October-2nd November, 2002
5. Tasic Ljiljana.. Cvetkovski Aleksandar, Milic Jela, Preformulation studies of solid dosage forms: Choice and selection of methods for polymorphic drug (XIV Hungarian Conference on Pharmaceutical Technology, 8/10 November,2002, Heiviz (Hungary).
6. Aleksandar Cvetkovski , Ljiljana Tasic, Ruggero Bettini and Fernando Giordano, Influence of Cyclodextrin on the crystallinity and dissolution rate of carbamazepine polymorphs (5th Central European Symposium on Pharmaceutical Technology and Biotechnology, organized by EUFEPS-European Federation for Pharmaceutical Sciences and Controlled Release Society) September 25-27, 2003
7. Cvetkovski Aleksandar, "Technology Transfer in Knowledge Based Industries, Pharmaceutical Sector as an Example", invited speaker, 2nd Technology Transfer Conference & Exhibition, Bahrain, December, 2006
8. Tasic Ljiljana, Cvetkovski Aleksandar, Marinkovic Valentina, Knowedge management as a  tool in pharma business, Proceeding Book of 4$^{th}$ International Working Conference Total Quality Management – Advanced and Intelectual Aproaches, May 27th – 30th 2007, Belgrade Serbia
9. Cvetkovski Aleksandar, Technology Transfer through Spin-off Companies: From Academic Research to Commercialization. Invited speaker at the Seminar for Continuing Education and Postgraduate studies for pharmacists. In organization of Pharmaceutical Center for Continuing Education and Faculty of Pharmacy, Belgrade, May, 2007
10. Cvetkovski Aleksandar, Zah Vladimir, Pharmacoeoconomics& Outcomes Research Perspectives in Health Care Sector, Fourth Congress of Pharmacy of Macedonia with International Participation, 26-30 September, Ohrid, 2008.
11. Cvetkovski Aleksandar, Technology Transfer through Spin - Off Companies - from Academic Research to Commercialization in the Life Science Sectors, 4th International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development From Entrepreneurial Learning to Innovation and Regional Development, 5 – 7 May 2011, Ohrid, Macedonia.

Трудовите  од реден број 12 до 29 се рецензирани во Универзитетски билтен на Универзитетот „Гоце Делчев» бр. 170, 1.6.2016 г. за избор во наставно-научното звање доцент од наставно-научната област физичка хемија (Одлука број. 2002-117/10 од 16.6.2016 г.):

12. Cvetkovski, Aleksandar and Vertolasi, Valerio and Ferratti, Valeria (2016) *Supramolecular hydrogen bonding patterns of co-crystals containing the Active Pharmaceutical Ingredient Phloroglucinol and N-heterocycles.* Acta Crystallographica Edition B. pp. 326-334. ISSN 2052-5206 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15731 IF 4.6
13. Cvetkovski, Aleksandar and Ferretti, Valeria (2016) *Crystal Structure and Packing Analysis of Nitrofurantoin N,N-dimethylformamide Solvate.* Crystallography Reports, 4. 611-615 ISSN 1063-7745 (Print)/1562-689X http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26725 (Online) IF 0.7
14. Cvetkovski, A. *The role of molecular cocrystals in drug development. Current achievements and future perspectives in medical and biomedical research*, (2015) Vol 1, No 1 (International

Symposium at Faculty of Medical Sciences, 24 Nov 2015, Stip, Macedonia) http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15677

**15.** Cvetkovski A. Bertolasi V., Gilli P. (2014) *Cocrystallization screening for "drug-drug" type of cocrystals.* In: Giornata di Chimica dell'Emillia Romagna, 18 Dec 2014, Parma, Italy. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15670

**16.** Cvetkovski A. Bertolasi V., Gilli P. (2014) *Pharmaceutical cocrystals of the biguanide drug Metformin.* In: Proceeding Book, 1st European Crystallography School, 28 Aug - 6 Sep 2014, Pavia, Italy. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15673

**17.** Cvetkovski A. Bertolasi V., Gilli P. (2013) *Pharmaceutical cocrystals of biguanide drugs: Metformin case study.* In: Proceeding Book, XIII Giornata di Chimica dell'Emilia-Romagna, 18 Dec 2013, Bologna, Italy. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15668

**18.** Cvetkovski A. Bertolasi V., Gilli P. (2012) *Preliminary Screening for Cocrystallization of Methylxanthine Class of Drugs: Caffeine and Pentoxifylline.* In Proceeding Book: XII Giornata di Chimica dell'Emilia-Romagna, Dec 2012, Ferrara University, Italy http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15667

**19.** Cvetkovski A. (2014) *3rd International Staff Training Week.* In Proceeding Book: 3rd International Staff Training Week, 9-13 June, 2014, Ferrara University, Italy. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15693

**20.** Cvetkovski A., Gulaboski R. *Crystal Engineering of Pharmaceutical Cocrystals.* In: Intensive Lecture Course "From Molecules to Functionalised Materials", (2011) 16-20 March 2011, Skopje, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15675

**21.** Cvetkovski, A. „Testovi za bioekvivalenciju i regulativa za bioekvivalenciju farmaceutiskih preparata" poglavlje *„Troškovi, kvalitet i ishodi zdravstvene zaštite": ISPOR knjiga termina. Urednik V. Zah:* Beograd (2011): Udruženje ISPOR Srbija. ISBN 978-86-912363-1-1 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15629

**22.** Ангеловска Б., Дракалска Е., Цветковски А., „Аптека и аптекарско работење", учебник, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за медицински науки, 2015 (објавена рецензија во Универзитетски билтен бр.144 од 1.4.2015 год., Одлука за прифаќење на рецензијата од ННС (2002-57/12 од 24.2.2015 год.) http://eprints.ugd.edu.mk/13502

**23.** Ангеловска Б., Дракалска Е., Цветковски А., „Фармацевтска технологија 1-фармацевтско-технолошки операции", скрипта, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за медицински науки, 2015 (објавена рецензија во Универзитетски билтен бр.144 од 1.4.2015 год., Одлука за прифаќење на рецензијата од ННС (2002-73/13 од 10.3.2015 год.). http://eprints.ugd.edu.mk/13501

**24.** Ангеловска Б., Дракалска Е., Цветковски А., „Практикум по Фармацевтска технологија 1", Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за медицински науки, 2015 (објавена рецензија во Универзитетски билтен бр.144 од 1.4.2015 год., Одлука за прифаќење на рецензијата од ННС (2002-57/11 од 24.2.2015 год.). http://eprints.ugd.edu.mk/13500

**25.** Гулабоски Р., Цветковски А. „Физичка хемија за фармацевти" – скрипта, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за медицински науки, 2016 (објавена рецензија во Универзитетски билтен бр. 168 од 1.5.2016 год., Одлука за усвојување на рецензијата од ННС бр. 2002-71/18 од 29.3.2016 год.).

**26.** Гулабоски Р., Смилков К., Ѓоргиева Д., Цветковски А. Практикум по предметот Општа и неорганска хемија (за Фармација), 2010. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/1114

**27.** „Оптимизација на молекулски и кристални форми на синтетските лекови, лековите што се изолирани од природните продукти и пестициди во однос на нивната активност, биорасположливост, можностите за нивното патентирање, како и за производство на нивните полиморфни форми, солвати и мешани кристали со примена на еколошки поволни технологии („зелена хемија")", реализиран помеѓу универзитетите во Ферара, Парма, Модена и Болоња (Р. Италија), а финансиран од конзорциумот SPINNER (покраина Емилија-Ромања, Р.Италија) за изработка на докторска дисертација „Молекуларни соли на метформин" во период 2012-2014

**28.** Студиски престој на Институтот за фармација, Абу Универзитет (Department of Pharmacy, Åbo Akademi University, студиски престој финансиран од Coimbra Group (http://www.coimbra-group.eu), проект „Development of the Printable Drug Delivery Systems", координиран од Prof. N. Sandler) од 1.10.2011 до 25.12.2011 год.

**29.** *Учесник за обука во рамките на програмата за 1st European Crystallographic School, Pavia University (Прва европска кристалографска школа, Универзитет во Павиа, Италија), од 28.8.2014 – 6.9.2014 г.*

**Трудови објавени во научни списанија во периодот од 2015 до 2020 година**

Објавени научни и стручни трудови во последните пет години, кои се предмет на рецензија.

Кандидатот доцент д-р Александар Цветковски во периодот од 2015 до 2020 г. има објавено 5 научноистражувачки трудови во меѓународни списанија и 3 труда со фактор на влијание.

**Научен труд објавен во списание со фактор на влијание**

**30.** Cvetkovski, Aleksandar and Ferretti, Valeria and Bertolasi, Valerio (2017) *New pharmaceutical salts containing pyridoxine.* Acta Crystallographica Section C: Structural Chemistry, Acta Cryst. C, (73). pp. 1064-1070. ISSN 2053-2296 http://eprints.ugd.edu.mk/19088/ IF 6.2

Во трудот е опишана постапка за синтеза и изолација на два типа различни молекулски кристали, оформени од кокристализиран пиридоксин (витамин Б6) во облик на молекулска сол со органски киселини, со силно антиоксидативно дејство. Со помош на аналитичката техника дифракција со х-зрачење на единечните кристали целосно е детерминирана структурата на молекулски кристал со следниот стехиометриски состав: пиридоксин и ферулична киселина 1:1 *M/M* и пиридоксин со сирингична киселина 1:1 *M/M* монохидрат. Одредените структури на овие два типа молекулски соли на пиридоксинот за прв пат како нови, оригинални структури на органски соединенија, се депонирани во базата за податоци на органските соединенија при Универзитетот во Кембриџ, пред истите да бидат објавени во рамките на овој оригинален научен труд кој ја опфаќа деталната кристалографска анализа од единечен кристал на двата типа на молекулските кристали на пиридоксин.

**31.** Smilkov, Katarina and Gjorgieva Ackova, Darinka and Cvetkovski, Aleksandar and Ruskovska, Tatjana and Vidovic, Bojana and Atalay, Mustafa (2019) *Piperine: Old Spice and New Nutraceutical?* Current Pharmaceutical Design, 25 (15). pp. 1729-1739. ISSN 1873-4286 (Online) http://eprints.ugd.edu.mk/22694/ IF 2.2

Во овој ревијален труд е даден споредбен преглед на хемиската структура на пиперинот и нему слични деривати од природно потекло и неговите хемиски својства поврзани со молекулската структура во корелација со неговите биофармацевтски и фармаколошки својства кои се должат на антиоксидативниот механизам на дејство на пиперинот, како и неговите интеракции со компонентите во структурите на одделни типови на клетки. Истакнато е дека последните достигнувања во проучување на механизмот на дејство на пиперинот укажуваат дека оваа компонента во состав на познатиот и од долго етаблираниот зачин, црниот пипер, отвора нови можности за изолација на истиот од оваа природна зачинска суровина и негово понатамошно искористување во фармацевтски и диететски формулации со кои може да се постигне комплементарен терапевтски ефект во третман на одделни индикации.

**32.** Duvlis, Sotirija and Dabeski, Drage and Cvetkovski , Aleksandar and Mladenovska, Kristina and Plaseska-Karanfilska, Dijana (2020) *Association of TNF-a (rs361525 and rs1800629) with susceptibility to cervical intraepithelial lesion and cervical carcinoma in women from Republic of North Macedonia.* The International Journal of Immunogenetics , 47 (6). pp. 522-528. ISSN 1744-313X http://eprints.ugd.edu.mk/26712/ IF 1.13

Во студијата се претставени резултатите за асоцираност на генетските варијанти на тумор некротизирачкиот фактор - TNF-a-238G/A и TNF-a-308 G/T во ХПВ позитивната

женска популација со хистолошки потврдени цервикални лезии и цервикален карцином од Р Северна Македонија. Со примена на SNaPshot анализа направена е генотипизација на варијантите и одредена е алелната и генотипската дистрибуција на истите.

Расветлување на типот на нековалентните меѓумолекулски интеракции, што се воспоставуваат помеѓу одделни нуклеотиди и факторите кои промовираат или супримираат експресија на гените, во чиј состав влегуваат единечните нуклеотидни разлики, може да рефлектираат различен степен на фенотипска манифестација на генот во смисла на зголемена или намалена продукција на продуктот на транскрипцијата, со што би бил засегнат и физиолошкиот ефект.

**Научен труд објавен во меѓународно научно списание**

**33.** Cvetkovski, Aleksandar (2020) *The Challenge for Engineering Pharmaceutical Crystalline Solids: Scientific and Regulatory Affairs perspectives for crystal structure design and prediction.* International Journal of Contemporary Research and Review, 11 pp. 20201-20210. ISSN 0976-4852 http://eprints.ugd.edu.mk/26711/

Трудот претставува преглед на развојот на цврстите форми во кои се појавуваат лековитите супстанции и потребата истите да се синтетизираат и изолираат во цврста состојба во облик на мултикомпонентни цврсти форми, што понатаму се искористуваат за развој на фармацевтските формулации со соодветен начин на администрација. Паралелно е даден преглед на сѐ поголем број на цврсти мултикомпонентни форми што се развиваат брз основа на сѐ поголемиот избор на достапните соединенија кои од страна на регулаторните органи се одобрени за употреба како адитиви во храна и лекови, како и соединенија кои може да се појават во јонска форма и да формираат соли со молекули на лековитите супстанции. Претставен е прегледот на регулаторните органи во однос на начинот на одобрување на една иста генеричка лековита супстанција или оригинална лековита супстанција што може да се појави во облик на различни моно или мултикомпонентни форми со соодветно кокристализирана друга, но различна во однос на нивната молекулска структура, супстанција во облик на неутрален кокристал или молекулска сол и како таквите изменети форми се разликуваат во поглед на биофармацевтските карактеристики и фармакокинетските профили.

**34.** Cvetkovski, Aleksandar and Drakalska, Elena and Angelovska, Bistra (2018) *Increasing water solubility, the prerequsite for improvement of bioavailability.* “Acta Medica Balkanica”, International Journal of Medical Sciences, 3 (5). pp. 9-12. ISSN 2545-4870 http://eprints.ugd.edu.mk/21864/

Во овој труд е направена детална евалуација за начинот на подобрување на растворливоста во вода на бројни активни супстанци преку образување на инклузиони комплекси, молекуларни адукти, хидротропни смеси. Феномените на зголемување на водената растворливост се толкувани во однос на корелација на молекулската структура на комбинација од лековитите супстанции и ексципиенсите со растворувач или систем на растворувач и ко-растворувач.

**35.** Drakalska, Elena and Angelovska, Bistra and Cvetkovski, Aleksandar and Stefanovska, Tamara (2018) *Formulation and characterization of niosomes as potential nanocarriers for drug delivery.* ‚Acta Medica Balkanica”-International Journal of Medical Sciences, 3 (5). pp. 19-22. ISSN 2545-4870 http://eprints.ugd.edu.mk/21863/

Терапевтскиот потенцијал на голем број активни супстанци не може да биде реализиран во клиничката пракса поради неповолните физичко-хемиски својства, варијабилната фармакокинетика и низата несакани ефекти што предизвикуваат ниска биорасположливост и незадоволителна терапевтска концентрација во целното ткиво. Со цел да се надминат овие проблеми, во последните години особено се нагласува проучувањето и карактеризацијата на различни видови наночестички кои нудат многу предности во однос на конвенционалната терапија. Како најчесто истражувани и карактеризирани наносистеми се везикуларните системи со посебен акцент на ниозомите како релативно нова генерација. Трудот има научна и апликативна вредност.

**36.** Angelovska, Bistra and Drakalska, Elena and Gligorovska, Ana and Cvetkovski, Aleksandar (2018) *Treatment of hypertension and complications in the Emergency Department-*

*Delchevo.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers. ISSN 2545-4439 http://eprints.ugd.edu.mk/20880/

Во овој труд е опишан третманот на хипертензија во Итна помош - Делчево. Табеларно е претставена потрошувачката на перорални и парентерални антихипертензиви и е споредено со светските водичи. Резултатите покажаа дека недостасува примена на новите препораки за третман на хипертензија во итна служба, заради недостапност до препорачаните лекови. Трудот е рецензиран и објавен во меѓународно индексирано списание.

**37.** Gjorgieva Ackova, Darinka and Smilkov, Katarina and Cvetkovski, Aleksandar and Makreski, Petre (2020) *Vibrational spectroscopy studies on biosynthesized silver nanoparticles.* Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 66 (S1). pp. 27-28. ISSN 1409 - 8695 http://eprints.ugd.edu.mk/26718/

Целта на трудот е спектроскопска карактеризација на наночестички со сребро биосинтетизирани во присуство на сребрени јони. Инфрацрвената и раманската спектроскопска анализа на наночестичките укажуваат на редудуција на сребрениот јон кој од растворлив облик преципитира и во елементарно сребро и воспоставува интеракција со амидни и карбоксилатни групи од состав на компонентите на растителниот екстракт, употребен како супстрат за синтеза на овие метални наночестички кои нудат огромен потенцијал за примена во развој на фармацевтски формулации, но и во други апликации како што се сепарациони техники за екстракција, широко применувани во фармацевтската и прехранбената индустрија, како за заштита на животната средина.

**Издвоени презентации на конференции и стручни собири во периодот од 2015 до 2020 год.**

Доцент д-р Александар Цветковски во периодот од 2015 до 2020 година ги има реализирано следните презентации на научни конференции и стручни собири и тоа:

**Пленарно предавање на научен собир**

**43.** Angelovska, Bistra and Ilioska, Viktorija and Drakalska, Elena and Cvetkovski, Aleksandar (2018) Market analysis of oral antidiabetic drugs in Republic Macedonia. In: 3rd International Scientific Conference of the Faculty of Medical Science, 8-10 Nov 2018, Ohrid, Macedonia. (http://eprints.ugd.edu.mk/21328/) пленарна

На пленарното предавање авторот ја презентира потрошувачката на орални антидијабетици во Република Македонија. Податоците добиени од издадените рецепти на ниво на цела држава се споредени со светските водичи и се извлечени соодветни заклучоци. Трудот има стручна и научна вредност.

**Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт**

**44.** Gilli, Paola and Cvetkovski, Aleksandar (2016) *Hydrogen-bonded cocrystals of the drug metformin: from molecular interactions analysis to supramolecular synthesis and characterization of Met-bis(DCA), a pharmaceutical cocrystal with enhanced anti-leukemic activity.* Basel, Switzerland, August 2017 Acta Crystallographica Section A, 72 (A72). p. 114. Усна презентација во секција за Нековалентни интеракции; ISSN 2053-2733 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17058

Презентирано е значењето на природата на нековалентните интермолекулски интеракции, со посебен осврт на водородната врска формирана со помош на полнежи од јонизирани молекулски видови со терапевтски ефект, како што е лек моделот метформин, една од најсилните во природата органски бази.

**45.** Cvetkovski, Aleksandar (2017) Quality assurance and quality management systems (including documentations). In: Training course of radiopharmacy, certified program, 16 Jan –10 March 2017, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26713

Презентирани се целите и мисијата на концептот за обезбедување на квалитет во услови на производство на радиофармацевтици. Истакнат е пристапот при дефинирање на организациската поставеност согласно со мастер планот за валидација, согласно што

се проценуваат критичните точки за мониторинг на условите за производство и контрола на квалитетот на радиофармацевтиците. Дополнително е истакнато значењето за водење на документација која вклучува и следење на записи и извештаи од мерни инструменти од производната опрема и просторот во кој се процесира и контролира квалитетот.

**46.** Cvetkovski, Aleksandar and Gjorgieva Ackova, Darinka and Smilkov, Katarina (2019) Screening for nutraceutical - drug interactions toward the non-covalent interactions of their solid binary systems. In: The European Network on Understanding Gastrointestinal Absorption-related Processes (UNGAP) Annual Meeting, 12-13 Feb 2019, Sofia, Bulgaria. Oral Presentation, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22462

Презентацијата ја истакнува улогата на нековалентните меѓумолекулски инетракции согледани на избрани модели пиперин и куркумин, органски соединенија од природно потекло кои преку зачински растителен материјал користен во секојдневната исхрана, стапуваат во интеракција како со интестинални транспортери, компоненти од клеточните мембрани на интестиналниот ендотел, но и со одделни лекови, со специфична молекулска структура и на тој начин го стимулираат или пак инхибираат транспортот на истите.

**47.** Cvetkovski, Aleksandar (2020) Lecture/presentation *for WG4: NECTAR tools, services & facilities. Member of Scientific Committee: COST- European Cooperation in Science & Technology, 1st European NECTAR - the Network for Equilibria and Chemical Thermodynamics Advanced Research Conference.* In: 1st European NECTAR Conference, 5-6 March 2020, Belgrade, Serbia. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26715

Претставено е значењето за развој на експертски системи базирани на податоци генерирани од различни аналитички техники. Истакната е потребата од поставување на алгоритми со цел, од категоризирани по кластери типови на аналитички податоци, да се предвидат рамнотежни константи за различни типови на хемиски реакции и физички процеси со широк спектар на апликација во хемиската, фармацевтската и биотехнолошката индустрија.

**Учество на научен собир со реферат (постер/усно)**

**48.** Gilli, Paola and Cvetkovski, Aleksandar (2016) *Hydrogen-bonded cocrystals of the drug metformin: from molecular interactions analysis to supramolecular synthesis and characterization of Met-bis(DCA), a pharmaceutical cocrystal with enhanced anti-leukemic activity.* Basel, Switzerland, August 2017, Acta Crystallographica Section A, 72 (A72). p. 114. Постер. ISSN 2053-2733 Poster http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17058,

Претставени се примери на водородна врска, што се воспоставува помеѓу метформин, избран како лек модел и дихлороцента киселина која се применува како агенс за формирање на фармацевтски соли, но за која последните истражувања укажуваат и на нејзиното антипролиферативно дејство. Пример за две лековити супстанци кокристализирани во мултикомпонентен кристал чија структура е одредена со дифракција на x-зрачење.

**49.** Cvetkovski, Aleksandar and Bertolasi, Valerio and Gilli, Paola (2017) Pseudo-polymorphic forms of new molecular salts of the antiplated drug with thienopyridine structure S(+) Clopidogrel. In: Crystallization by Design, CF@BO2017, 4-6 June 2017, Bologna, Italy. Poster http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19092

Презентирани се две новосинтетизирани полиморфни форми на лекот клопидогрел, широко користен и најпродаваниот лек во терапија против агрегација на тромбоцити. Двете полиморфни форми претставуваат молекулски соли на клопидогрелот, што се искристализирани во два различни кристалографски системи. Нивните структури се детермионирани со дифракција на x-зрачење и истите се депонирани во кристалографската база на податоци при Универзитетот во Кембриџ и во состав на оваа презентација. Кристалографските податоци нудат потенцијал за развој на нови форми на лекот клопидогрел со унапреднати биофармацевтски карактеристики.

**50.** Cvetkovski, Aleksandar and Drakalska, Elena and Angelovska, Bistra (2017) Increasing water solubility of drugs, the prerequisite for improvement of bioavailability. In: Second International Scientific Conference of Faculty of Medical Sciences, 13-14 Oct 2017, Tetovo, R. Macedonia. Oral Presentation http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19096

Во овој труд е направена детална евалуација за начинот на подобрување на растворливоста во вода на бројни активни супстанци преку образување на инклузиони комплекси. Трудот има научна вредност.

**51.** Drakalska, Elena and Angelovska, Bistra and Cvetkovski, Aleksandar and Stefanovska, Tamara (2017) Formulation and characterization of niosomes as potential nanoparticles for drug delivery. In: Second International Scientific Conference of the Faculty of Medical Sciences - SISCFMS 2017, 06-08 Oct 2017, Tetovo, Macedonia. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18400)

Претставен е споредбен преглед на предностите и недостатоците на ниозомите како потенцијални наночестички за испорака на активни супстанци. По детална евалуација на примарна, секундарна и терциерна литература докажано е дека ниозомите нудат доста предности во однос на конвенционалната терапија и липозомите. Трудот има научна и апликативна вредност.

**52.** Drakalska, Elena and Angelovska, Bistra and Sterjova, Marija and Cvetkovski, Aleksandar (2018) Formulation and characterization of nanosized carriers as potential platforms for topical delivery of antioxidants. In: VII Serbian Congress of Pharmacy with international participation, 10-14 Oct 2018, Belgrade, Serbia. Poster http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20613

Во овој труд е направен детален преглед на примарна, секундарна и терциерна литература за наночестички како потенцијални кандидати за топикална апликација на антиоксиданси и добиените податоци табеларно и графички се презентирани на постерот. Трудот има научна вредност.

**53.** Angelovska, Bistra and Micevska, Angela and Drakalska, Elena and Cvetkovski, Aleksandar (2018) *Процена на потрошувачката на антибиотици во аптеките во Општина Делчево*. In: Прв конгрес на студенти по општа медицина, 09-10 May 2018, Stip, Macedonia. Poster http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20091

Презентирана е потрошувачката на антибиотици во аптеките во Општина Делчево со анкета во која беа вклучени 51 испитаник. За го утврдиме трендот на потрошувачката на антибиотиците во аптеките од општината направивме анализа на потрошувачката за 2015, 2016 и 2017 г. (заклучно со септември) според податоците добиени од ФЗОМ. Резултатите покажаа дека испитаниците многу често користат антибиотици, не поседуваат јасни познавања за правилната употреба на антибиотици и голем дел не се придржуваат кон упатствата од страна на здравствените работници.

**54.** Angelovska, Bistra and Drakalska, Elena and Seremetkovska, Hristina and Cvetkovski, Aleksandar (2018) Market access of antipsychotic drugs in Republic Macedonia. In: VII Serbian Congress of Pharmacy with international participation, 10-14 Oct 2018, Belgrade, Serbia. Poster http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20614

Во овој труд е презентирана потрошувачката на антипсихотици во Република Македонија, согласно со издадените рецепти и податоците се споредени со препораките од светските водичи. Трудот има стручно апликативна и научна вредност.

**55.** Gjorgieva Ackova, Darinka and Smilkov, Katarina and Cvetkovski, Aleksandar (2018) Biosynthesis of silver nanoparticles using plant extracts as reducing/capping agents. In: Congress BIO2018, 18-21 Sept 2018, Gdansk, Poland. Poster http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20560

Презентирани се методи за биосинтеза на метални наночестички за терапевтски цели. За модел е користен потенцијалот на сребро, кој од јонизирана форма од раствор се редуцира во присуство на органски соединенија од супстрат од растителни екстракти, при што во облик на смеса со овие соединенија истото се депонира на површината на наночестичките.

**56.** Cvetkovski, Aleksandar and Gjorgieva Ackova, Darinka and Smilkov, Katarina (2018) Preliminary study on screening the intermolecular interactions of organic cation drugs from BSC Class III (case study Metformin). In: CA16205, F2F meeting, UNGAP WGs, 8-9 March 2018, Leuven, Belgium. Poster http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20566

Презентирани се интермолекулските интеракции кои се воспоставуваат помеѓу метформин, широко користен орален антидијабетик, со широк спектар на модел супстанци од типот на органски киселини, со цел со истите да се оформат молекуларни соли на метформин со унапреднати биофармацевтски профили.

**57.** Cvetkovski, Aleksandar and Stojanovska Monika and Petrusevski Gjorgji and Ugarkovic Sonja, Pejov, Ljupco and Makreski, Petre (2018) Solid-state characterization of the new molecular salts of Pyridoxine. In: 25th Conference of the SCS (Serbian Crystallography Society), 21-23 June 2018, Bajina Bašta, Serbija.Poster http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26727

Презентирана е целосна карактеризација на веќе претходно синтетизирани и структурно детерминирани два типа на молекуларни кристали од типот на пиридоксин (витамин Б6) со органски ароматични киселини со силно антиоксидативно дејство. Претставени се спектростокси и термодинамички профили на двете соединенија кои се анализирани со инфрацрвена и раманска спектроскопија, како и со термичките техники.

**58.** Cvetkovski, Aleksandar and Drakalska, Elena and Ferretti Valeria and Bertolasi, Valerio (2019) The role of proton transfer in multicomponent crystals of pyridine derivative with carboxylic acids. In: 10th Crystal Forms Conventions at Bologna, Italy, 09-11 June 2019, Bologna, Italy. Poster http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22463

Прикажан е споредбен преглед на структурите на мултикомпонентни кристали кокристализирани со соединенија од групата на деривати на пиридин со органски киселини, со цел во истите да се истакне природата на воспоставените водородни врски во состав на кои да се процени опсегот во кој се споделува или целосно се пренесува протонот т.е. електронскиот пар во протон-донор-акцептор (електрон-донор-акцептор) паровите.

**59.** Cvetkovski, Aleksandar and Gjorgieva Ackova, Darinka and Smilkov, Katarina and Makreski, Petre (2019) Screening for nutraceutical - drug interactions toward the non-covalent interactions of their solid binary systems (Case study on Piperine). In: UNGAP Spring Meeting, 12-13 Feb 2019, Sofia, Bulgaria. Poster http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22461

Презентиран е случај на пиперин како претставник на соединение со биолошка активност, изолиран од состав на растителна зачинска билка, кој е употребен како модел за поручување на интермолекулски интеракции што можат да се воспоставаат помеѓу него и соодветно избрана група на органски киселини со различен опсег на јачина на основа на киселинската константа.

**Труд во стручно (научно-популарно) списание (60, 61)**

**60.** Cvetkovski, Aleksandar and Gjorgieva Ackova, Darinka and Smilkov, Katarina and Drakalska, Elena and Duvlis, Sotirija and Angelovska, Bistra (2020) *Пренаменети терапевтски индикации за метформин: стариот лек, со нови трикови во неговиот механизмот на дејство, нуди нови терапевтски апликации.* Фармацевтски информатор, 56, 53-57. ISSN 1409-8784 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26751

Ревијален преглед на историскиот развој на широко користениот орален антидијабетес лет метформин, расветлување на неговата молекулска структура во корелација со различните механизми на неговото делување, што ја детерминираат и неговата терапевтска апликација.

**61.** Cvetkovski, Aleksandar and Smilkov, Katarina and Gjorgieva Ackova, Darinka and Drakalska, Elena and Duvlis, Sotirija and Angelovska, Bistra (2020) *Улога на интестиналните транспортери во унапредување на биорасположливоста на лековите*. Фармацевтски информатор 56, 44-49,. ISSN 1409-8784. ISSN 1409-8784 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26750

Претставени се новите научни сознанија за молекулските структурни соединенијата од состав на мембраните на интестиналните ендотелни клетки, што се одговорни за транспорт на различни категории лекови според нивната специфична молекулска структура, како и на останатите нутриенти во состав на цревните флуиди.

**Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (62, 63)**

**62.** Gilli, Paola and Cvetkovski, Aleksandar (2016) *Hydrogen-bonded cocrystals of the drug metformin: from molecular interactions analysis to supramolecular synthesis and characterization of Met-bis(DCA), a pharmaceutical cocrystal with enhanced anti-leukemic activity.* Conference proceeding*: Acta Crystallographica Section A, 72* (A72). p. 114. ISSN 2053-2733 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17058

Претставени се примери на водородна врска, што се воспоставува помеѓу метформин, избран како лек модел и дихлороцента киселина која се применува како агенс за формирање на фармацевтски соли, но за која последните истражувања укажуваат и на нејзиното антипролиферативно дејство. Пример за две лековити супстанци кокристализирани во мултикомпонентен кристал чија структура е одредена со дифракција на х-зрачење.

**63.** Cvetkovski, Aleksandar and Stojanovska Monika and Petrusevski Gjorgji and Ugarkovic Sonja, Pejov, Ljupco and Makreski, Petre (2018) Solid-state characterization of the new molecular salts of Pyridoxine. In: 25th Conference of the SCS (Serbian Crystallography Society), 21-23 Proceeding book. 2018, Serbija. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26727

Презентирана е целосна карактеризација на веќе претходно синтетизирани и структурно детерминирани два типа на молекуларни кристали од типот на пиридоксин (витамин Б6) со органски ароматични киселини со силно антиоксидативно дејство. Претставени се спектростокси и термодинамички профили на двете соединенија кои се анализирани со инфрацрвена и раманска спектроскопија, како и со термичките техники.

**Рецензирана скрипта**

**64.** Angelovska, Bistra and Drakalska, Elena and Cvetkovski, Aleksandar (2019) Фармацевтска технологија 2-скрипта. ISBN 978-608-244-687-5 .( http://eprints.ugd.edu.mk/23255/)-скрипта

Оваа скрипта претставува прво учебно помагало за Фармацевтска технологија 2 на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Содржината кореспондира со прифатената програма за теоретска настава наменета за студентите по фармација. Потребата од создавање на вакво учебно помагало – скрипта е во релација со недостигот на соодветен наставен материјал по предметот Фармацевтска технологија 2. Паралелно со неа беше оформен и практикум, што студентите ќе можат да го користат за добивање на практични искуства од оваа област. Содржината на скриптата е поделена на 7 главни поглавја и неколку поднаслови за попрегледно следење на наставната материја. При изработката на овој труд авторите консултирале бројни библиографски единици што се однесуваат на современите приоди и достигнувања. Истите претставуваат релевантни научни извори, но и литература за понатамошно проширување на сознанијата од областа на фармацевтската технологија. Тематските содржини се елаборирани системски, децидно и прегледно што ќе овозможи лесно, концизно и едноставно совладување на теоретските содржини по предметот Фармацевтска технологија 2. Секако, скриптата е еднакво корисна и за веќе дипломираните студенти, како прирачник за брзо повторување и потсетување на претходно наученото.

**Рецензиран практикум**

**65.** Angelovska, Bistra and Drakalska, Elena and Cvetkovski, Aleksandar (2019) Практикум по фармацевтска технологија 2. ISBN 978-608-244-686-8 .( http://eprints.ugd.edu.mk/23256/)-практикум

Овој практикум претставува прво учебно помагало за Фармацевтска технологија 2 на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Содржината кореспондира со прифатената програма за практичната настава наменета за студентите по фармација. Потребата од создавање на вакво учебно помагало – практикум е во релација со недостигот на соодветен наставен материјал по предметот Фармацевтска технологија 2. Паралелно со него е оформена и скрипта, а студентите ќе можат да го користат за добивање на практични искуства од оваа област. Содржината на практикумот е поделена на 10 главни поглавја и неколку поднаслови за попрегледно следење на практичната материја.

При изработката на овој труд авторите консултирале бројни библиографски единици што се однесуваат на современите приоди и достигнувања. Истите претставуваат релевантни научни извори, но и литература за понатамошно проширување на сознанијата од областа на фармацевтската технологија. Тематските содржини се елаборирани системски, децидно и прегледно, што ќе овозможи лесно, концизно и едноставно совладување на практичните содржини по предметот Фармацевтска технологија 2. Секако, практикумот е еднакво корисен и за веќе дипломираните студенти, како прирачник за брзо повторување и потсетување на претходно наученото.

**Рецензиран учебник**

**66.** Рубин Гулабоски и Александар Цветковски, Физичка хемија за фармацевти (2017) од Рубин Гулабоски, Александар Цветковски **ISBN**: 978-608-244-304-1
http://e-lib.ugd.edu.mk/607 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17765

Учебникот со практикум задачи е наменет за реализација на наставните содржини и програма предвидени по предметот Физичка хемија, за академската програма Фармација, на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Десет поглавја во оваа скрипта ги опфаќаат тематските целини: Вовед во физичка хемија, Хемиска термодинамика, Агрегатни состојби, Растворливост, формирање на раствори и нивните кологативни својства, Колоидни дисперзни системи, Феномени на граничните површини, Молекулски интеракции кои не се од ковалентна природа, Хемиска кинетика и Радиохемија. Овој учебник овозможува стекнување на знаења и познавања за основните физичко-хемиски законитости и нивна примена во дизајнирање и развој на лекови и фармацевтските дозирани форми, како и интеракциите кои се појавуваат во живите организми, при нивна примена во терапевтски цели. Ракописот е изработен систематски, со јасно презентирани факти, основни правила и принципи, методи и техники при изведувањето на токсиколошки анализи засновани на докази од научни истражувања и примена на педагошката практика заедно со богатото искуство на авторите во апликативната работа од оваа област.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во периодот од 2016 до 2020 година, кандидатот д-р Александар Цветковски имал активно учество во универзитетски и факултетски комисии, за развој на стручно-апликативната и организациско-развојна дејност.

Член во комисија за уписи на студенти на Универзитетот „Гоце Делчев“ во академска 2016/2017 година, согласно со Одлука бр. 0503-802/2.

Член е на Рецензентска комисија при избор на асистент-докторанд со Одлука бр. 2007-126/6 од 26.4.2017 г.

Член на истражувачки тим при Центарот за структурна дифракција, Институт за хемиски и фармацевтски науки, при Универзитетот во Ферара, Р. Италија.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласност со Законот за високо образование, како и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, и според анализата на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот доц. д-р Александар Цветковски ги исполнува сите услови за избор во наставно-научно звање вонреден професор.

Врз основа на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и севкупна активност во периодот од избор во доцент (16.6.2016 година) до денес, Комисијата го верификува научниот и стручен развој на кандидатот доц. д-р Александар Цветковски преку вкупно 208 поени (НО 30 + НИ 100 + САОР 78).

Имајќи ги предвид сите факти што се наведени во овој извештај, како и освоените бодови од неговите активности од наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет да го избере кандидатот доц. д-р Александар Цветковски во звање вонреден професор за наставно-научната област физичка хемија и фармацевтска технологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Бистра Ангеловска,** редовен професор, претседател, с.р.
**Д-р Елена Дракалска-Серсемова,** вонреден професор, член, с.р.
**Д-р Петре Макрески**, редовен професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | ВКУПНО | | | | | 30 |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | Научен труд објавен во списание со ИФ<br>Прв автор (30)<br>Останати автори (31, 32) | | | 1<br>2 | 15<br>5 | 25 |
| 2 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание<br>Прв автор (33,34)<br>Останати автори (35,36) | | | 2<br>2 | 9<br>6 | 24 |
| 3 | Пленарно предавање на научен собир (43) | | | 1 | 6 | 6 |
| 4 | Секциско предавање на научен собир (44,45,46,47) | | | 4 | 4 | 16 |
| 5 | Учество на научен собир со реферат (усно)<br>Во земјава (50)<br>Учество на научен собир со реферат (постер)<br>Во земјава (51,53)<br>Во странство (48, 49, 52, 54, 55, 56, 57, 58, 59) | 1<br>2 | 1.5<br>1 | 9 | 1.5 | 17 |
| 6 | Учесник во научен проект<br>Во земјата (38) | 1 | 2 | | | 2 |
| 7 | Награди-признанија за научни постигнувања | | | 1 | 10 | 10 |
| | ВКУПНО | | | | | 100 |
| | | | | | | |

| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско- развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1 | **Книга** (64, 65, 66) | 3 | 10 | | | **30** |
| 2 | **Труд во стручно (научно-популарно списание)** (60,61) | 2 | 2 | | | **4** |
| 3 | **Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (6**2, 63) | 3 | 2 | | | **6** |
| 4 | **Учесник во научен проект (39,41, 42)** | | | 3 | 8 | **24** |
| 5 | **Елаборати и експертизи** | 3 | 2 | 1 | 4 | **10** |
| 6 | **Член на факултетски орган, комисија** | 2 | 2 | | | **4** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **78** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **208** |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ЕКОЛОГИЈА ВО ПРЕХРАНБЕНАТА ТЕХНОЛОГИЈА” ОД ПРОФ. Д-Р КИРО МОЈСОВ, ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2302-35/6 од 109. редовна седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет, одржана на 2.2.2021 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Дарко Андроников,** вонреден професор од областа на органска хемиска технологија и биоинженерство на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип;
– **д-р Петар Егуменовски,** редовен професор од областа на растителна биотехнологија и индустриски култури на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ЕКОЛОГИЈА ВО ПРЕХРАНБЕНАТА ТЕХНОЛОГИЈА”** од **авторот вон. проф. д-р Киро Мојсов** наменет за студентите на прв циклус студии на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Е-учебникот „Екологија во прехранбената технологија“ е наменет за студентите на прв циклус студии на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, кои според наставниот план го слушаат предметот во прва година, II семестар, со фонд на часови 2+1+1 на студиската програма Прехранбена технологија. Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Е-учебникот се состои од десет поглавја: 1. Вовед; 2. Храна, исхрана, безбедност и здравје; 3. Хигиена на храна; 4. Хигиенски преглед на прехранбени производи; 5. Управување со производство и промет со храна; 6. Хигиена на атмосферскиот воздух; 7. Хигиена на вода; 8. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација; 9. Лична хигиена на вработени лица од хигиенски аспект; 10. Хигиена на погони за производство на храна.

Ракописот се состои од 324 страници (А4 формат) поделени на 10 тематски целини со 63 слики и 26 табели. Предложениот ракопис е во согласност со студиската програма и во целост ја покрива наставната материја предвидена за оптовареност од 2 (два) часа неделно.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија, ваков е-учебник, по обем и содржина, којшто одговара на предвидената наставна програма по предметот Екологија во прехранбената технологија на ТТФ при УГД не е објавен.

Краток опис на содржината**:** Во *поглавје 1* од учебникот се разгледувани поимите за екологија во прехранбена индустрија, технолошки процеси, готови (финални) производи, споредни производи, амбалажа, исхрана, агенси, воведување на евиденциски листи, индикатори за следење, CAS броеви и др. Во *поглавје 2* од учебникот се разгледувани поимите за храна, исхрана, безбедност и здравје; производство на храна; промет на храна; заболувања кои се пренесуваат со консумирање на контаминирана храна; бацилоносители; бактериолошки труења со храна; превентивни мерки; оцена на квалитетот и безбедноста на храната. Во *поглавје 3* се разгледувани вовед во хигиена на храна и основни хранливи

материи; предуслови за хигиена во производството на храна; хигиенски начин на ракување при прием и чување на суровините; пакување на храна и начинот на означување; правата на потрошувачите; додека во *поглавје 4* се разгледувани хигиенски прегледи на прехранбени производи, како на млеко и млечни производи, месо и месни производи, риби, јајца, конзерви и бебешка храна, житарки, брашно и леб, масти и масла, овошје и зеленчук. Во *поглавје 5* се разгледувани информации за управување со производство и промет со храна; добра земјоделска практика; добра хигиенска практика; добра производна практика. Во *поглавје 6* за хигиена на атмосферскиот воздух; мониторинг на квалитетот на атмосферскиот воздух; мерки и методи за заштита на атмосферскиот воздух. Во *поглавје 7* за хигиена на вода; квалитет на водите и нивните карактеристики; класификација на водите според квалитетот; загадување на водите; пречистување на отпадните води. Во *поглавје 8* е опишано за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во прехранбената индустрија. Во *поглавје 9* е опишано за лична хигиена на вработените лица од хигиенски аспект. Во *поглавје 10* е опишано за хигиена на погони за производство на храна.

## ЗАКЛУЧОК

Е-учебникот е напишан технички прецизно на јасен и разбирлив јазик. Сите ознаки и единици во текстот се во склад со меѓународниот систем на мерни единици. Според нашите сознанија, ваков е-учебник, по обем и содржина, којшто одговара на предвидената наставна програма по предметот Екологија во прехранбената технологија на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип не е објавен. Квалитетот на е-учебникот од педагошки и научен аспект е соодветен за студентите на прв циклус студии. Заради тоа е-учебникот го категоризираме како **рецензиран е-учебник.**

**Рецензенти**

**Д-р Дарко Андроников,** вонреден професор, с.р.
**Д-р Петар Егуменовски,** редовен професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „ОСНОВИ НА МОТОРИ СО ВНАТРЕШНО СОГОРУВАЊЕ“ ОД ПРОФ. Д-Р РИСТО ЃОРГИ КУКУТАНОВ, МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Машински факултет, бр. 2202-35/7 од 29.1.2021 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Драги Таневски,** редовен професор на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и
– **д-р Зоран Димитровски,** редовен професор на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

за подготвување и доставување на писмен извештај – рецензија на ракописот за универзитетски учебник **„ОСНОВИ НА МОТОРИ СО ВНАТРЕШНО СОГОРУВАЊЕ“,** поднесен од авторот **проф**. **д-р Ристо Ѓорги Кукутанов** од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија во горенаведениот состав, по добивањето и деталното прегледување на материјалот, го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Насловот на ракописот е „Основи на мотори со внатрешно согорување“ и предметот е со наслов Основи на мотори со внатрешно согорување и се слуша во V семестар како задолжителен предмет, со фонд на часови 3+2+1. Материјалот кој е опфатен во ракописот е во согласност со Наставната програма по предметот Основи на мотори со внатрешно согорување и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот е презентиран на 356 страници, $A_1$ формат со нормален проред, во 21 тематски поглавја и повеќе потпоглавја, а содржи 302 слики, 5 табели, 6 шеми и 12 дијаграми. Обемот на ракописот по содржина целосно ги исполнува критериумите според бројот на часовите и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** На Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ ракопис со ист или сличен наслов досега не е објавен, така што постои реална потреба за објавување на поднесениот ракопис како универзитски учебник.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на јазик разбирлив и близок до студентите. Содржи доста информации кои имаат за цел проширување на знаењето на студентите.

Во *Вовед* авторот дава краток осврт на основите за видови на гориво и маслата кои се користат кај моторите со внатрешно согорување.

Исто така прикажана е класификацијата на горивата и маслата, според начинот на користење и намената.

Во делот 4 во оваа тематска единица се прикажани поделбата и конструкцијата на моторите со внатрешно согорување, со нивните основни делови и начинот на функционирање.

Во поглавјето 5 е објаснет принципот на работа, на четиритактниот ото-мотор.

Во наредното поглавје 6 се објаснети: видот на применети горива, направи за мешавини, начинот на разведување.

Во поглавјето 7 е објаснет начинот на образување на смесата на гориво и воздух кај четиритактни ото-мотори.

**1.** Мотори со карбуратор;
**2.** Мотори со впрскување на горивото
– систем со поединечно импулсивно впрскување
– систем со централно импулсивно впрскување;
**3.** Систем со директно вбризгување.

Во поглавјето 8 се објаснети разните системи за впрскувањето на горивото:
– Мотори со централно впрскување (Single Point Injektion-SPI);
– Мотори со поединечно впрскување на горивото (MPI);
– Систем за директно вшприцување на бензин (GDI).

Во поглавјата 9 и 10 се објаснети системи за запалување на смесата кај ото-моторите: класичен батериски систем за палење.

Во поглавјата 11 и 12 се објаснети транзисторски систем за палење, систем со Халов давач, систем со индуктивен давач, електронски систем на палење, целосно електронски систем на палење. Со развитокот на електрониката доаѓа до промени во класичниот систем на палење. Најпрво се појавиле транзисторски системи во кои остануваат платинските контакти, а се исфрла кондензаторот. Подоцна се појавуваат бесконтактните транзисторски системи каде што се исфрлени платинските контакти.

Во поглавјето 13 е објаснет принципот на работа на магнетното палење. Магнетниот систем на палење се разликува од батерискиот систем по тоа што сите елементи на системот, освен кабелот на високиот напон се наоѓа во една целина сочинувајќи комплексно магнетно-електричен прибор.

Во поглавјето 14 е објаснет принципот на работа на двотактен ото-мотор.

Во поглавјето 15 е објаснет принципот на работа на четиритактен дизел-мотор, основните делови и уреди на моторот.

Во поглавјето 16 е објаснето надворешното натполнење на моторите.

Во поглавјето 17 е објаснет принципот на работа на двотактен дизел-мотор.

Во поглавјето 18 е дадено објаснување за уредот за ладење, задача на уредот за ладење е да ја однесе топлината од деловите кои се наоѓаат околу работниот простор на моторот (цилиндар, глава на цилиндар, клип, издувни вентили, издувните канали и др.) со што се овозможува нивно нормално функционирање во границите на дозволената температура. Нивото на дозволената температура треба да ги задоволи барањата на механичката карактеристика на материјалот, подносливо термичко напрегнување и да овозможи потребно придвижување на спрегнатите делови.

Во поглавјето 19 е дадено објаснување за системите за подмачкување. Триењето се намалува со обработка и подмачкување на трјните површини. Со подмачкување не доаѓа до триење помеѓу допирните површини, туку помеѓу слоевите на мазива кои се наоѓаат помеѓу две трјни површини. За подмачкување најчесто се користат минерални мазива, кои се добиваат од нафта. Меѓутоа во употреба сè повеќе влегуваат и синтетички мазива кои имаат исти или многу подобри мазивни особини во однос на минералите. Мазивата можат да бидат во течна состојба (масла) и во обликот на масти, а постојат и мазива во цврста и гасовита состојба.

Во поглавјето 20 е дадено објаснување за принцип на работа на ротациски - Wankel мотор, и овој има стандарден блок што се лади со голем број канали што минуваат низ основниот материјал и низ кој поминува течноста. Внатре во тој блок е куќиште (пандан на блокот што ги држи цилиндрите) што ја обвива комората каде што се изведува дејството. Внатре во оваа (поголема) комора е основниот дел од ротирачката машина - роторот.

Во поглавјето 21 е дадено објаснување за видови авионски мотори и погонскиот систем на воздухопловството (авиони, хеликоптери, беспилотни летала, моторни едрилици). Во областа на воздухопловството се развивале и авионските мотори како одговор на потребите за поголема брзина и висина на летот, долетот, носивоста и екологијата како и економичноста.

Во поглавјето 22 е објаснето за радијално (ѕвезда) моторите, основните составните делови и принципот на работа.

Во претпоследното поглавје се објаснети современите типови на хибридни возила и нивната поделба, типологијата на хибридните возила во зависност од врската на погонот, односно моторот, генераторот и електромоторот на возилото.

Современите хибридни возила можеме да ги поделиме на два главни типа:

– сериски хибридни возила;
– паралелни хибридни возила;
– комбинација или модификација на претходните два типа.

Во последното поглавје е објаснето за емисијата на издувните гасови на моторните возила со внатрешно согорување. Односот на количеството на воздух и на горивото игра важна улога со ефикасноста на процесот на согорување, а со тоа и на емисијата на гасови.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од напред изнесеното, Комисијата во состав проф. д-р Драги Таневски, редовен професор и проф. д-р Зоран Димитровски, редовен професор констатира дека ракописот за учебникот „ОСНОВИ НА МОТОРИ СО ВНАТРЕШНО СОГОРУВАЊЕ“ пријавен од авторот проф. д-р Ристо Ѓорги Кукутанов е напишан според наставна програма за студентите од сите студиски програми на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и ќе биде од голема корист како на студентите за совладување на наставните содржини од истиот предмет, така и на пошироката јавност.

Врз основа на напред изнесеното, Комисијата му предлага на **Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го прифати рецензираниот ракопис за учебникот „Основи нt мотори со внатрешно согорување“ од авторот проф. д-р Ристо Ѓорѓи Кукутанов и истиот да го одобри за користење како универзитетски учебник и негово публикување во електронската библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, негово соодветно издавање.**

**Рецензенти**

**Д-р Драги Таневски,** редовен професор, с.р.
**Д-р Зоран Димитровски,** редовен професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ УЧЕБНИК СО НАСЛОВ „ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ И ИНСТИТУЦИИ“ ОД ПРОФ. Д-Р МАРИЈА ГОГОВА-САМОНИКОВ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и Одлуката бр. 1202-36/5, донесена на 199. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 21.1.2021 год., избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **д-р Стеван Габер** – вонреден професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
- **д-р Љупчо Давчев,** вонреден професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.5

Рецензентската комисија е формирана заради изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис (учебник) со наслов *„Финансиски пазари и институции“* од проф. д-р Марија Гогова-Самоников, наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „Финансиски пазари и институции” од проф. д-р Марија Гогова-Самоников претставува заокружена целина на материјата поврзана со изучување на финансискиот систем во целина, од неговите институции до начинот на нивното работење, која студентите ја изучуваат на истоимениот предмет – Финансиски пазари и институции. Учебникот е наменет за изучување на наставната програма по наведениот предмет од страна на студентите од втора студиска година (четврт семестар) на насоката Финансии, каде што предметот Финансиски пазари и институции се јавува како задолжителен, со неделен фонд на часови 2+2+2. Овој предмет Финансиски пазари и институции се изучува како изборен предмет за останатите насоки и тоа за насоките Сметководство и ревизија; Бизнис економија во втора студиска година, (трет семестар) со неделен фонд на часови 2+2+2 и на насоките Маркетинг и Менаџмент и претприемништво во трета студиска година (петти семестар) со неделен фонд на часови 2+2+2.

**Податоци за обемот на ракописот:** Учебникот содржи 320 страници, со повеќе табели, графикони и практични примери и задачи кои им овозможуваат на студентите многу полесно разбирање и совладување на оваа практична проблематика. На крајот од ракописот се сместени релевантните библиографски единици кои ја третираат проблематиката на финансиите. Трудот е пишуван во А4 формат, со нормален проред, со употреба на фонт Arial и големина на буквите 11. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**: Трудот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало кое од теоретски и од практичен аспект ќе им овозможи на студентите осознавање на значењето, местото и улогата на финансиските институции во рамките на целокупниот финансиски систем, како и начините на работење на овие институции и принципите на кои се базира нивното работење. Посебно е значајно изучувањето на оваа проблематика од страна на студентите на Економски факултет заради осознавање на основните постулати на функционирање на целокупната финансиска

проблематика; со оглед на фактот што концепирањето и димензиите на финансиите претставуваа доста важен елемент во економскиот систем во целина. Посебно внимание заслужуваат: причините за постоење и оправданост на финансискиот систем во целина, финансиски институции, финансиските пазари и принципите на работење на финансискиот систем. Од оваа причина, сметаме дека материјалот обработен во учебникот се одликува со голема теоретска и практична значајност, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика.

**Краток опис на содржината на ракописот:** Содржински трудот е концепиран во 4 посебни делови, кои ги покриваат тематските единици предвидени со наставната програма. Во продолжение следи кратка презентација на одделните тематски единици.

Првото поглавје е посветено на причините за постоење на финансиските системи. Станува збор за дел од материјата кој треба да ги даде воведните аспекти на сè она што како систем на финансии функционира денес. Од таа причина се проучуваат оправданите аспекти на финансиските системи, нивното создавање, тек и развој.

Второто поглавје се надоврзува на првото од причина што во него се обработени, институциите кои го формираат овој систем во реално прифатлив и потребен. Тука се опфатени видовите финансиски институциите кои работат посебно, но е поврзано со сите карактеристики кои ги определуваат за врамување во одделни подвидови или категоризирања во сличноста на дејноста. Во овој дел материјалот се обработува по номенклатурната истоветност на институциите, со цел студентите да добијат јасна слика за институциите и нивната функција.

Третото поглавје ги проучува финансиските пазари. Местата на кои се реализира целокупната финансиска трговија со сите нејзини карактеристики и опфат на видовите во кои тие можат да се појават.

Последното поглавје прави анализа на начините на работење на одделни финансиски сегменти, како банкарскиот, берзанскиот и принципот на работа на останатите финансиски единици со цел да се добие претстава како се функционира и кои се правилата за работа. Во ова поглавје се прави осврт на развојот на финансиските системи и еволуцијата која нè носи кон иднината и неопходноста на промени кои се базирани на развојот на целокупниот економски систем.

На крајот од секое поглавје се дадени теми и прашања кои студентите можат да ги користат за продлабочување на своите знаења и од аспект на практична примена на теоретски обработениот материјал. Станува збор за вежби кои ќе се обработуваат по реализирањето на предвидените предавања.

Сосема на крај има листа на искуствени примери кои може да служат за приближување на праксата до теоријата за студентот кој ќе треба да препознае каде во материјалот се среќава опишаниот случај и како истиот правилно треба да се реши.

Преку ваквиот начин на обработка на проблематиката на финансиските пазари и институции сметаме дека е постигната главната цел на авторот – да им помогне на студентите да ги разберат суштината, предметот на обработка и различните форми, модели, слабости, причинители на овој дел од работењето на финансиските системи, и она што е посебно важно, преку илустративните примери содржани во материјалот да можат практично да ја осознаат историјата, тековноста и сигнификантноста што таа ги има оставено со своето функционирање во рамки на општествениот систем. Да бидат способни, да го проценат значењето на паричните текови, да ги откријат сите пропусти и негативности во работењето на овој систем, кои понатаму би биле предмет на коригирање, а истовремено да ги идентификуваат позитивностите кои треба да се стимулираат.

Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го даваме следново

**М И С Л Е Њ Е**

Универзитетскиот учебник „ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ И ИНСТИТУЦИИ“ од проф. д-р Марија Гогова-Самоников претставува сеопфатна целина на материјата поврзана со процесот на следење на финансискиот систем, како и сите процеси поврзани со него што се одвиваат во рамки на економските системи. Авторката направила успешна комбинација на теоретскиот и практичен аспект на проблематиката, со цел да ја доближи предметната материја до студентите и да им помогне да научат како оваа анализа да ја применуваат во практичната работа. Се надеваме дека на овој начин, преку изучување на оваа проблематика, студентите ќе стекнат соодветни знаења кои понатаму ќе можат да ги применат како во изучувањето на останатите предметни дисциплини, така и во нивната понатамошна професионална работа. На останатите заинтересирани лица, кои практично ги применуваат принципите на финансиското работење во секојдневната работа, овој материјал ќе им помогне за полесно разбирање и имплементација на методите и техниките, моделите и формите на процесот на анализа и дизајнирање на финансиските норми во финансиското работење.

Сметаме дека трудот ќе даде придонес во збогатување на материјата која ја обработува и ќе им помогне како на студентите, така и на пошироката стручна јавност во полесно совладување на оваа значајна проблематика. Од оваа причина, препорачуваме истиот да биде објавен.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на **Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му предложиме универзитетскиот учебник со наслов „Финансиски пазари и институции” од проф. д-р Марија Гогова-Самоников да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Стеван Габер,** вонреден професор, с.р.
**Д-р Љупчо Давчев,** вонреден професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „СПЕЦИЈАЛНО ГРАДИНАРСТВО”**
**ОД ДОЦ. Д-Р ДАНИЕЛА ДИМОВСКА, ПРОФ. Д-Р ФИДАНКА ТРАЈКОВА,**
**ПРОФ. Д-Р ЉУПЧО МИХАЈЛОВ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1302-134/6 од 181. редовна седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, одржана на ден 18.11.2020 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Лилјана Колева-Гудева,** редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип,
– **д-р Наталија Маркова-Руждиќ,** вонреден професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„СПЕЦИЈАЛНО ГРАДИНАРСТВО”** од **доц. д-р Даниела Димовска, проф. д-р Фиданка Трајкова и проф. д-р Љупчо Михајлов,** наменет за студентите на прв циклус студии на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот за рецензирана скрипта „Специјално градинарство» од доц. д-р Даниела Димовска, проф. д-р Фиданка Трајкова и проф. д-р Љупчо Михајлов е концепиран и пишуван според наставниот план и програма на предметот Специјално градинарство, кој се изучува на студиите од прв циклус на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, на студиската програма Градинарство, во четврта година, во седми семестар, како задолжителен предмет со неделен фонд на часови 3+2+2, со вкупен број на часови 240 и 8 ЕКТС.

Согласно со студиските програми на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, изборот на содржината на материјалот во оваа рецензирана скрипта претставува сигурна основа за одлична подготовка за успешно градинарско производство на градинарските видови кои се опфатени во скриптата.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот, кој е наменет за издавање на учебното помагало за предметот Специјално градинарство, е претставен на вкупно 231 страници, со 81 слики и 49 табели. Соодветно избраните слики и табели дополнително го олеснуваат следењето, разбирањето и совладувањето на основниот материјал. Материјалот е пишуван во А4 формат со нормален проред. Употребен е фонт Arial, со големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, која е во согласност со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип. Ракописот по обемот и содржината ги задоволува критериумите за учебно помагало, рецензирана скрипта, и кореспондира со бројот на часови за предметот Специјално градинарство за студентите на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебник или учебно помагало што обработува иста содржина досега не е објавен на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип. Материјата од некои поглавја е застапена во некои други скрипти, книги и учебници од земјоделските науки, кои обработуваат теми од областа на општо и специјално градинарство, меѓутоа како целина и начин на обработка на материјата, ракописот претставува оригинално дело кое се објавува првпат.

**Краток опис на содржината:** Содржината на ракописот е напишана на лесен, едноставен и разбирлив јазик за студентите. Стручно и технички скриптата е подготвена со одличен избор на слики, табели и користена литература. Материјата е концепирана во осум поглавја и тоа:

1. Класификација на градинарските култури,
2. Коренести градинарски култури,
3. Луковичести култури,
4. Клубенести култури,
5. Лиснат зеленчук,
6. Плодови зеленчуци,
7. Фамилија *Poaceae*,
8. Повеќегодишни видови на зеленчук и

Преглед на користената литература, со која завршува содржината на скриптата.

Во првото поглавје - КЛАСИФИКАЦИЈА НА ГРАДИНАРСКИТЕ КУЛТУРИ авторите даваат детален преглед за класификацијата на градинарските култури, што може да се изведува како: ботаничка класификација, класификација според должината на животниот циклус и класификација според растителните органи кои се користат во исхраната.

Второто поглавје се однесува на КОРЕНЕСТИ ГРАДИНАРСКИ КУЛТУРИ, со ботаничка припадност на овие култури во четири фамилии: Fam. *Apiaceae* – штитоцветни, Fam. *Chenopodiaceae* – лободи, Fam. *Brassicaceae* – крстачки и Fam. *Asteraceae* – главоцветни. Претставниците на овие четири фамилии, кои имаат најголемо нутритивно и економско значење, се опишани во вкупно 47 наслови и поднаслови од ова поглавје. Секој вид е опишан со општи, ботанички и биолошки својства, динамика на раст и развој и начин на нивното производство.

Описот на ЛУКОВИЧЕСТИ КУЛТУРИ е детално образложен во третото поглавје во рамките на фамилијата A*lliaceae* – лукови. Со 30 наслови и поднаслови детално се опишани главните претставници, а тоа се: кромид (*Allium cepa* L.); лук (*Allium sativum* L.); праз (*Allium porrum* L., *A. ampeloprasum* L.); шалот или козји лук (*Allium ascalonicum* L.); *зимски кромид, алма* (*Allium fistulosum* L.) и *власец, ситен лук, резанец* (*Allium schoenoprasum* L.).

Четвртото поглавје е посветено на КЛУБЕНЕСТИ КУЛТУРИ. Во групата клубенести култури спаѓаат: компирот (*Solanum tuberosum* L.), слаткиот компир (*Ipomea batatas* L.) и чичоката (*Heliantus tuberosus* L.), а овие видови се одлично опишани со нивните општи, ботанички и биолошки својства, динамика на раст и развој и начин на нивното производство.

ЛИСНАТ ЗЕЛЕНЧУК е насловот на петтото поглавје, овие култури се во целост објаснети во две подгрупи, а тоа се зелковите култури и зелените култури.

Во шестото поглавје се прикажани ПЛОДОВИ ЗЕЛЕНЧУЦИ. Плодовиот зеленчук опфаќа голем број видови кои се групирани во следните фамилии: *Solanaceae* (домат, пиперка, патлиџан), *Cucurbitaceae* (лубеница, диња, краставица, тиква), *Fabaceae* (боранија, грашок, бакла) и *Malvaceae* (бамја, физалис).

ФАМИЛИЈА *POACEAE* е презентирана во седмото поглавје. Типичен претставник на оваа фамилија е шеќерната пченка (*Zea mays* var. *saccharata*) а нејзините општи карактеристики се анализирани во ова поглавје.

На ПОВЕЌЕГОДИШНИ ВИДОВИ на зеленчук е посветено осмото поглавје. Општи, ботанички и биолошки својства, динамика на раст и развој и начинот на производството на претставниците на повеќегодишните видови, и тоа на: шпаргла, аспарагус (*Asparagus officinalis* L., фам. Asparagaceae Juss., *Liliaceae* L.); рен (*Armoracia rusticana* G. Gaertn., B.Mey. & Scherb., фам, *Brassicaceae* Burn.); артичока (*Cynara scolymus* L., фам. *Asteraceae* L.) и ревен (*Rheum rhabarbarum* L. syn. *undulatum* Pall., фам. *Polygonaceae* Lindl.) се објаснети во целост низ поднасловите на ова поглавје.

Со ПРЕГЛЕД НА КОРИСТЕНАТА ЛИТЕРАТУРА завршува ракописот за скриптата „Специјално градинарство“, каде што се наведени вкупно 36 референци од понов, но и

постар датум, со релевантни изданија од областа. Сите погоре наведени тематски поглавја се поткрепени со соодветно цитирана литература од домашни и странски еминентни автори и научници, која истовремено претставува и дополнителна информација за сите оние студенти и корисници на скриптата кои имаат желба и потреба да ги прошират своите сознанијата од областа на специјалното градинарство.

**З А К Л У Ч О К**

Материјата обработена во ракописот за рецензираната скрипта со наслов „Специјално градинарството» од доц. д-р Даниела Димовска, проф. д-р Фиданка Трајкова и проф. д-р Љупчо Михајлов во целост ги задоволува потребите на наставниот план и програма по предметот Специјално градинарство за студентите на прв циклус на студии на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Наставните единици се елаборирани во осум поглавја системски и прегледно, што е основен предуслов студентите да можат лесно да ја следат и разберат суштината на предвидената содржина од областа на специјалното градинарство. Според начинот на елаборирање на материјата, ова учебно помагало ги исполнува сите стандарди за публикување, поради што сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип во совладувањето на овој предмет.

Поради сето погоре изнесено, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип ракописот „Специјално градинарство" од доц. д-р Даниела Димовска, проф. д-р Фиданка Трајкова и проф. д-р Љупчо Михајлов да биде издаден како рецензирана скрипта за студентите на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип и да биде објавен во е-библиотеката на Универзитетот.**

**Рецензенти**

**Д-р Лилјана Колева-Гудева,** редовен професор, с.р.
**Д-р Наталија Маркова-Руждиќ,** вонреден професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА - СКРИПТА" ОД ДОЦ. Д-Р ДУШКО ЈОШЕСКИ И ВОН. ПРОФ. Д-Р ТАТЈАНА БОШКОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2102-263/10 од 236. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 25.12.2020 г., избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Глигор Бишев,** вонреден професор, Економски факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола,
– **д-р Крсте Шајноски,** вонреден професор, Факултет за бизнис економија - Скопје

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА - СКРИПТА**" од **доц. д-р Душко Јошески** и **вон. проф. д-р Татјана Бошков** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Глобализацијата со своето значење се однесува на растежот на меѓузависноста помеѓу земјите, резултирајќи со зголемување на интеграцијата на трговијата, финансиите, луѓето и идеите на еден заеднички глобален пазар. Меѓународната трговија и меѓуграничните инвестициски приливи се главните елементи на оваа интеграција.

Како процес глобализацијата започнува по Втората светска војна, а значајно се забрзува од средината на 80-тите години на минатиот век. Се смета дека е управувана од два главни фактори. Едниот фактор ги вклучува технолошките предности кои ги намалија трошоците за транспорт, комуникација и проценката за ширење. Овие предности најчесто економично се остварливи за фирмите кои ги лоцираат различните фази на производство во повеќе земји. Другиот фактор се однесува на зголемувањето на либерализацијата на трговијата и пазарот на капитал.

За земјите учеснички главната добивка од неограничената трговија со странство е зголемениот пристап на нивните партиципанти кон поголеми, интернационални пазари. За националната економија овој пристап значи можност да се бенефицира од меѓународната поделба на работната сила, од една страна, и потребата да се соочи со посилна конкуренција на светскиот пазар, од друга страна. Домашните произведувачи произведуваат поефикасно, што се должи на меѓународната специјализација, како и од притисокот што се наметнува од странската конкуренција. Што се однесува до потрошувачите, тие уживаат во различната палета на домашни и увезени добра по пониски цени. Во земјите кои активно тргуваат користите од новите технологии се прелеваат кон нив од нивните трговски партнери, како и преку знаењата вградени во увозната производствена опрема. Овие технолошки прелевања или „spillovers" се од посебно значење за земјите во развој. Ова значење произлегува од можноста да бидат поблиску до развиените земји во услови на продуктивност.

Поранешните централно планирани економии пропуштија многу придобивки од глобалната трговија. Тоа беше предизвикано поради нивната политичка наметната изолација од пазарните економии. Денес истите се стремат кон искористување на бенефитите преку реинтеграција со глобалниот трговски систем. Но активното учество во меѓународната трговија исто така подразбира ризици, посебно оние коишто се поврзани со силната конкурентност на меѓународните пазари. На пример, земјите кои се подложуваат на

опасност за одредени индустрии т.е. за оние кои се помалку конкурентни и приспособливи ќе бидат исфрлени од бизнисот. Потпирањето, пак, врз странските добавувачи може да се смета за неприфатливо кога станува збор за индустрии со значајна улога за националната безбедност. Затоа, многу влади решаваат да обезбедат т.н. прехранбена сигурност за нивната земја, во случај кога увоз на храна не постои во време на војна. Освен тоа, владите на земјите во развој често расправаат дека скоро основаните индустрии бараат привремена заштита сè додека тие да станат повеќе конкурентни и помалку ранливи во однос на странската конкуренција. Во контекст на една ваква ситуација, владите често забрануваат или ги редуцираат одредени увози преку воведување на квоти или извозот го прават поскап и помалку конкурентен преку наметнување тарифи. Таквите протекционистички правила можат да бидат економски опасни, бидејќи тие придонесуваат домашните производувачи да продолжат да произведуваат помалку ефикасно и тоа ќе води кон економска стагнација. Зголемувањето на економската ефикасност и меѓународната конкурентност на клучните индустрии треба да се разгледува како алтернатива за протекционистичките правила.

Земјата која настојува да ги произведе речиси сите домашни потреби ги пропушта своите големи економски добивки од меѓународната специјализација. Тесната меѓународна специјализација којашто прави земјите да зависат од извозот на едно или повеќе добра може исто така да биде ризична. Ризикот е очекуван поради можноста од ненадејни неповолни промени во побарувачката на светскиот пазар. Таквите промени можат значајно да ги влошат условите за трговија на една земја. Диверзификацијата на производство и извозите може да бидат разумна активност дури и кога по себе повлекува привремен пад во трговијата. Секоја земја треба да го најде вистинското место во меѓународната поделба на трудот базирана на своите компаративни предности.

Користите и трошоците од меѓународната трговија исто така зависат и од големината на домашниот пазар, изобилството со природни ресурси и секако неговата локација. Земјите со голем домашен пазар генерално тргуваат помалку. Истовремено пак, земјите кои изобилуваат со природни ресурси како нафтата, имаат тенденција да тргуваат повеќе.

Интеграцијата во светска економија се покажува како моќен начин за земјите да остварат економски раст, развој и намалување на сиромаштијата. Промената во опкружувањето е глобален предизвик кој бара меѓународна соработка. Глобализациските промени и меѓународната трговија со години се разгледуваат самостојно и покрај нивните заедничко поддржувани цели. Ширењето на глобалните и на глобално-трговските цели да бидат заеднички политички цели за повеќето земји го дава правото да се гледа на нив како два сета со исти цели и предизвици. Идното подобрување на човековата благосостојба треба да се согледува како заедничка цел и на меѓународната трговија и на глобалниот режим.

Затоа, преку меѓународната трговија и глобалните промени се прави сеопфатен обид, а тоа е преку нивната синергија да се сфатат нивните цели од економска, правна и институционална перспектива. Неслучајно разните студии постојано истражуваат кои се можните проблеми а кои можните активности што треба да се преземат на национално и мултилатерално ниво. Целта е да им се помогне на земјите во развој да градат свој капацитет за спречување на какви било конфликти помеѓу меѓународната трговија и режимите кои ги наметнува глобализацијата и искористување на предностите и новите можности.

Скриптата наменета за предметот Меѓународна економија треба да придонесе студентите да се запознаат со значењето на меѓународните текови и меѓународното опкружување, меѓународните финансии, да ја разбираат проблематиката на однесувањето на девизните курсеви, да го совладаат управувањето со ризиците на девизните курсеви и управувањето со долгорочни и краткорочни средства и извори.

Ракописот „МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА - СКРИПТА“ е наменет за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, конкретно на насоките Бизнис логистика и Бизнис администрација каде што како задолжителен предмет се изучува предметот Меѓународна економија, во I семестар со фонд на часови 2+2+1. Овој ракопис, покрај теоретските, нуди и практични базични знаења и е наменет за предавањата на студентите како основна литература.

**Податоци за обемот на ракописот:** Целиот материјал е поделен во 18 тематски поглавја на 195 страници. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial, големина на буквите 11. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Рецензентите имаат сознание дека не постојат книги со наслов „МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА - СКРИПТА", иако на некои од економските факултети во земјава има наслови во кои студентите со меѓународната трговија се запознаваат преку истоимениот назив на предметот. Меѓутоа, повеќе информативно, а не проблемски, што е основа за критичко опсервирање на настаните во сферата на меѓународната трговија. Овој недостаток се дополнува со изборот на тематските задачи и начинот на обработката во скриптата.

Со ваквиот пристап се прави чекор кон покомплексно третирање на проблематиката од меѓународната трговија, во што се содржи и оправдувањето да се одобри истата.

**Краток опис на содржината:** Во **првото поглавје** се поставуваат прашањата кои се однесуваат на значењето и појмувањето на меѓународната трговија, кои се придобивките од истата, трошоците, како се определуваат девизните курсеви, меѓународна трговија vs. меѓународните финансии, притоа вклучувајќи и неколку модели како гравитациски модел и аномалии на гравитацискиот модел.

**Второто поглавје** се фокусира на продуктивноста на трудот, како и на исклучително битните модели - моделот на Давид Рикардо, еднофакторски модел на Рикардо, трговијата во моделот на Рикардо. **Третото поглавје** ги обработува темите како производствените можности, цените, дистрибуцијата на доходот, трговската политика, трговијата и невработеноста. Хекшер-Олиновата теорема, Дво-факторски Хекшер-Олин модел, Производни можности, Теоремата Столпер-Семјуелсон, Теоремата на Rybczynski, Трговската размена во Хекшер-Олин моделот, Изедначување на цените на факторите, Емпириски докази но моделот Хекшер-Олин се теми на изучување во **четвртото поглавје**. Во **петтото поглавје** теми на интерес се стандардниот трговски модел, ефектите врз благосостојбата од промените во условите за тргување, ефектите на економскиот раст, увозни тарифи и извозни субвенции, како и меѓународното позајмување.

Во **шестото поглавје** студентите треба да се стекнат со знаење за екстерни економии од обем и меѓународна локација на производството, теорија на екстерни економии, концентрација на индустриите и нивната историска заднина, концентрација на индустриите во Кина, динамични растечки приноси, меѓународната трговија и економската географија. **Седмото поглавје** се фокусира на фирмите во глобалната економија, СДИ, конкуренцијата и нејзиното влијание врз економиите. Во **осмото поглавје** се обработуваат темите инструментите на трговската политика, ефектите и инструментите на царината и царинската политика. **Деветтото поглавје**, пак, ги обработува темите за значењето на политичката економија, практикувањето на меѓународните трговски договори, Светската трговска организација и преференцијални трговски договори. Инфантилната индустрија, трговската либерализација, увозно-супституирачка индустријализација се теми на обработка во **десеттиот дел. Единаесеттиот дел** се посветува на контроверзиите кои се дел во трговската политика покрај екстерналиите.

Во **дванаесеттиот дел** се обработуваат темите за БНП и БДП, штедењето и тековната сметка, приватното штедење и владиното штедење, сметката на билансот на плаќање. **Тринаесеттиот дел** дава осврт на девизните курсеви и девизните пазари, учесниците на странските девизни пазари, carry трговијата.

**Четиринаесеттото поглавје** ги третира парите и цените, каматните стапки, додека во **петнаесеттото поглавје** се обработуваат темите за моделите на однесување на девизниот курс, законот на една цена, паритетот на куповната моќ, монетарен пристап кон девизните курсеви, предвидувањата на монетарниот пристап за девизните курсеви, улогата на инфлацијата и очекувањата, реалниот девизен курс, разликите во каматните стапки.

Во **шеснаесеттото поглавје** се анализираат аутпутот и девизниот курс на краток рок, како реалниот девизен курс влијае врз тековната сметка, политики за макроекономска стабилизација, политики за одржување на полна вработеност. **Седумнаесеттото поглавје** се обработуваат темите за фискалната политика и фиксниот девизен курс на краток рок, фискалната политика и девизниот курс на долг рок, финансиски кризи, разлики во каматните стапки.

Селекцијата на одреден режим на девизен курс кој во согласност со економските интереси на земјата ќе зависи од различни фактори, вклучувајќи ги: специфичните околности на земјата (големината и отвореноста на земјата за трговските и финансиските текови, структурата на нејзиното производство и извозот, степенот на нејзиниот финансиски развој, нејзината инфлаторна историја, како и природата и изворот на шоковите со кои таа се соочува); преференциите на креаторите на политиката за трговската размена како едни од главните политички цели; политичката состојба во земјата и кредибилитетот на нејзините креатори на политиката и институциите, сето ова е предмет на изучување во **осумнаесеттото поглавје.**

## ЗАКЛУЧОК

Од досега наведеното, Рецензентската комисијата во горенаведениот состав констатира дека ракописот „**Меѓународна економија - скрипта**", поднесен од авторите доц. д-р Душко Јошески и вон. проф. д-р Татјана Бошков е наменет за студентите запишани на прв циклус студии на насоките Бизнис логистика и Бизнис администрација при Факултетот за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, каде што се слуша предметот Меѓународна економија во прв семестар. Скриптата е конципирана по однапред утврдени наставен план и програма.

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да го прифати како позитивен извештајот за ракописот „Меѓународна економија-скрипта" од авторите доц. д-р Душко Јошески и вон. проф. д-р Татјана Бошков со цел да се користи за изучување во наставата по предметот Меѓународна економија.**

**Рецензенти**

**Д-р Глигор Бишев,** вонреден професор
на Економски факултет – Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, с.р.
**Д-р Крсте Шајноски,** вонреден професор
на Факултет за бизнис економија – Скопје, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
# НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА - ПРАКТИКУМ” ОД ДОЦ. Д-Р ДУШКО ЈОШЕСКИ И ВОН. ПРОФ. Д-Р ТАТЈАНА БОШКОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2102-263/9 од 236. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 25.12.2020 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Глигор Бишев**, вонреден професор, Економски факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски” – Битола;
– **д-р Крсте Шајноски**, вонреден професор, Факултет за бизнис економија – Скопје

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА - ПРАКТИКУМ**” од **доц. д-р Душко Јошески и вон. проф. д-р Татјана Бошков** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Интеграцијата во светската економија се покажува како моќен начин за земјите да остварат економски раст, развој и намалување на сиромаштијата. Промената во опкружувањето е глобален предизвик што бара меѓународна соработка. Глобализациските промени и меѓународната трговија со години се разгледуваат самостојно и покрај нивните заеднички поддржувани цели. Ширењето на глобалните и на глобално-трговските цели да бидат заеднички политички цели за повеќето земји го дава правото да се гледа на нив како два сета со исти цели и предизвици. Идното подобрување на човековата благосостојба треба да се согледува како заедничка цел и на меѓународната трговија и на глобалниот режим.

Затоа, преку меѓународната трговија и глобалните промени се прави сеопфатен обид, а тоа е преку нивната синергија да се разберат нивните цели од економска, правна и институционална перспектива. Неслучајно разните студии постојано истражуваат кои се можните проблеми, а кои се можните активности што треба да се преземат на национално и мултилатерално ниво. Целта е да им се помогне на земјите во развој да градат свој капацитет за спречување на какви било конфликти помеѓу меѓународната трговија и режимите кои ги наметнува глобализацијата и искористување на предностите и новите можности.

Практикумот наменет за предметот Меѓународна економија треба да придонесе студентите да се запознаат со значењето на меѓународните текови и меѓународното опкружување, меѓународните финансии, да ја разбираат проблематиката на однесувањето на девизните курсеви, да го совладаат управувањето со ризиците на девизните курсеви и управувањето со долгорочни и краткорочни средства и извори.

Ракописот „**МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА - ПРАКТИКУМ**“ е наменет за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, конкретно на насоките Бизнис логистика и Бизнис администрација каде што како задолжителен предмет се изучува предметот Меѓународна економија, во I семестар со фонд на часови 2+2+1. Овој ракопис нуди практични знаења и е наменет за студентите како можност за темелно разбирање на оваа проблематика.

**Податоци за обемот на ракописот:** Целиот ракопис е прикажан преку понудени и решени 30 задачи на 56 страници. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial, големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите од прв циклус студии и е подготвен за да даде основни сознанија за предметот Меѓународна економија.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракописот насловен како „**МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА - ПРАКТИКУМ**“, по обем и содржина, што одговараат на предвидената наставна програма по предметот Меѓународна економија на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, не е објавена.

**Краток опис на содржината:** Практикумот се состои од 30 решени задачи. Темите кои се покриени со задачите се: Продуктивност на трудот и Компаративните предности: Моделот на Рикардо, Споредба на цените во автархија и отворена економија и Споредба на трошоците на опортунитет со производните можности на земјите во автархија, Пронаоѓање на апсолутните предности на која било земја во производството, Пронаоѓање на релативната светска понуда на некој производ и изнаоѓање на релативната цена. Понатаму, задачите опфаќаат теми од трговијата со специфични фактори и дистрибуцијата на доходот. Теоремата Столпер-Семјуелсон во овој контекст исто така е докажана и тестирана. Покрај оваа теорија се тестираат и докажуваат Теоремата Хекшер-Олин, како и Економијата од обем, имперфектната конкуренција и меѓународната трговија. Движењето на факторите на производство исто така е предмет на задачите од овој практикум.

Следно, прашањето на монополите и отворената економија е поставено и одговорено со практичен пример преку задача. Тоа е од особена важност бидејќи отворањето на економијата значи дека кривата на побарувачка за домашните производи ќе стане поеластична, бидејќи ќе има повеќе супститути за кое било домашно произведено добро. Ако побарувачката за некое добро е многу еластична значи дека е осетлива и на мали промени на цената. Обратно, ако е еластичноста на побарувачката за доброто е нееластична, значи не е осетлива и на поголеми промени на цените. Друг ефект на отворената трговија е дека ја зголемува и конкуренцијата за домашните фирми. Споредбата помеѓу имперфектната и перфектната конкуренција во некоја индустрија пак покажува дека не постои предност доколку се влезе во меѓународната трговија со имперфектна конкуренција.

Понатаму следуваат задачите за инструментите на трговската политика. Тука се пресметува ефектот на царините врз вкупната трговска активност, но и благосостојбата на економијата. Се естимира ефектот на субвенциите т.е. зошто субвенцијата има поголем ефект од царината и која би била оптималната производствена субвенција? Производствената субвенција ја дисторзира само страната на производството. Потрошувачите остануваат на нивната оригинална точка на производство. Слободната увозна царина и потрошувачите консумираат помалку и производителите произведуваат повеќе.

Практикумот третира задачи со изведување на странската побарувачка за увоз, но и странската понуда на извоз. Се изведува соодносот на брзината на пари со девизниот курс и се изведува ефектот на краток рок врз девизниот курс од зголемувањето на домашниот реален БНП, со оглед на очекувањата за идните девизни курсеви. Понатаму „overshoooting“ на девизниот курс се поврзува и пресметува со иницијалниот раст на понудата на пари. Следно се објаснува преку задача како централната банка може да ја променува каматната стапка додека девизниот курс е фиксен под услови на имперфектна супститубилност на средствата. Преку задачи во овој ракопис се докажува и испитува поврзаноста на паритетот на каматните стапки со девизниот курс. Се тестира ефектот на Ј-кривата, преку опсервирање некоја земја чија валута депрецира додека нејзината тековна сметка се влошува. Преку задача се дава осврт и опис на АА-DD моделот. Имено, со користење на DD-AA моделот ги анализираме ефектите врз аутпутот и билансот на плаќање на увозна царина под услови на фиксен девизен курс. На крајот, авторите преку задача го изведуваат условот Маршал-Лернер.

Преку овој практикум со задачи и понудени решенија студентите ќе разберат дали постоењето граници во светот влијае врз финансиите, како и постоењето на спот „forward“ девизен курс.

Со обработката на спомenатите теми преку задачи и поставување проблематики, а соодветно и нивно решавање, авторите на практикумот прават значаен чекор за потемелно запознавање на студентите со проблематиката на меѓународната трговија (објаснувајќи ги причинско-последичните врски од нивните промени преку примери и пресметувања).

Практикумот овозможува да се разбере значењето на меѓународната трговија, меѓународните текови во остварувањето на макроекономската политика на националните економии и да се определи однесувањето на стопанските субјекти воопшто, особено во сферата на финансиите, девизното работење, банкарското работење, како и користењето на инструментите кои се на располагање. Всушност, земјата која настојува да ги произведе речиси сите домашни потреби ги пропушта своите големи економски добивки од меѓународната специјализација. Тесната меѓународна специјализација којашто прави земјите да зависат од извозот на едно или повеќе добра, може исто така да биде ризична. Ризикот е очекуван поради можноста од ненадејни неповолни промени во побарувачката на светскиот пазар. Таквите промени можат значајно да ги влошат условите за трговија на една земја. Диверзификацијата на производство и извозите може да бидат разумна активност, дури и кога по себе повлекува привремен пад во трговијата. Секоја земја треба да го најде вистинското место во меѓународната поделба на трудот базирана на своите компаративни предности. Користите и трошоците од меѓународната трговија исто така зависат и од големината на домашниот пазар, изобилството со природни ресурси и секако неговата локација. Земјите со голем домашен пазар генерално тргуваат помалку. Истовремено пак, земјите кои изобилуваат со природни ресурси, како нафта, имаат тенденција да тргуваат повеќе.

Практичната елаборација ќе им помогне на студентите не само да ја разберат суштината на меѓународната трговија и нејзината важност за една економија, туку и да можат да ги дијагностицираат и решаваат евентуалните промени во истата.

## ЗАКЛУЧОК

Од досега наведеното, Рецензентската комисијата во горенаведениот состав констатира дека ракописот „**Меѓународна економија - практикум**“, поднесен од авторите доц. д-р Душко Јошески и вон. проф. д-р Татјана Бошков е наменет за студентите запишани на прв циклус студии на насоките Бизнис логистика и Бизнис администрација при Факултетот за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, каде што се слуша предметот Меѓународна економија во прв семестар. Практикумот е конципиран по однапред утврдени наставен план и програма.

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да го прифати како позитивен извештајот за ракописот „Меѓународна економија - практикум“ од авторите доц. д-р Душко Јошески и вон. проф. д-р Татјана Бошков со цел да се користи за изучување во наставата по предметот Меѓународна економија.**

**Рецензенти**

**Д-р Глигор Бишев,** вонреден професор
на Економски факултет – Прилеп, Универзитет
„Св. Климент Охридски” - Битола, с.р.
**Д-р Крсте Шајноски,** вонреден професор
на Факултет за бизнис економија – Скопје, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ИНДУСТРИСКИ ОДНОСИ - РЕГУЛАТИВА, ТЕОРИЈА И ПРАКТИКА” ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р АНДОН МАЈХОШЕВ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1102-41/3 од 201. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 9.2.2021 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Војо Беловски,** редовен професор, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– **д-р Билјана Тодорова,** вонреден професор, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев»,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис *„Индустриски односи - регулатива, теорија и практика”* од авторот вонреден проф. д-р Андон Мајхошев, наменет за студентите на втор циклус студии на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип за предметот Индустриски односи во ЕУ (2+1+1), како и за студентите на прв циклус - втора година за предметот Трудово право (2+2+1) како дополнителна (проширена) литература.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правниот факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот**: Учебникот со наслов *„Индустриски односи - регулатива, теорија и практика”* од проф. д-р Андон Мајхошев претставува континуирана заложба на авторот да ја оформи потребната литература од областа на индустриските односи, односно колективно трудово право за студентите на втор циклус студии на Правниот факултет за предметот со назив Индустриски односи во ЕУ, што се слуша на насоката Европско право, во прва година, со неделен фонд на часови (2+1+1 со 4 ЕКТС).

**Податоци за обемот на ракописот**: Проблематиката што е предмет на обработка е претставена во текст од вкупно 334 страници, од кои на 327 страници е претставен основниот текст, на седум страници се поместени над 100 релевантни библиографски единици, од монографски единици, периодични списанија, статии, извештаи и интернет страници, во најголем дел странска литература што ги покрива подрачјата што се третирани во трудот. Исто така, во трудот се користени најважните меѓународни и регионални акти на МОТ, ООН, Советот на Европа, ЕУ, како и повеќе национални закони од трудовото законодавство (Уставот, Законот за работни односи, Законот за безбедност и здравје при работа, Законот за мирно решавање на работните спорови, Општ колективен договор и повеќе посебни колективни договори). Учебникот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонд Arial, големина на буквите 11. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**: Констатирано е дека ракопис со таков наслов досега не е објавен, но има книги (ракописи) со други наслови кои третираат мал дел од проблематиката што ја обработува насловот кој е предмет на рецензија. Учебникот е напишан на оригинален начин и во него се содржани и анализирани најважните меѓународни правни акти на МОТ, ООН, Советот на Европа, ЕУ и др. (конвенции, препораки, повелби, декларации, директиви, регулативи и др.) кои се однесуваат на слободата на здружување на работниците и работодавачите во сопствени асоцијации (синдикати и здруженија на работодавачи), колективното преговарање, трипартизмот и

економско социјалните совети, мирното решавање на индивидуалните и колективните работни спорови, правото на партиципација на вработените во трговските друштва (претпријатијата), правото на штрајк, односот на синдикатот со политичките партии, корупцијата и др. Може да се каже дека трудот претставува научен материјал со висок стручен квалитет, кој може да се примени за стекнување на широки знаења од доменот на индустриските односи, односно колективното трудово право, како за студентите, така и за пошироката научна јавност. Во таа смисла, учебникот претставува основен едукативен и стручен материјал, приспособен на потребите за образование и едукација во областа на индустриските односи (колективното трудово право). Затоа сметаме дека овој учебник е од извонредно значење, како од теоретски, така и од практичен аспект.

**Краток опис на содржината**: Од содржински аспект, учебникот е структуриран во XXI поглавје кои опфаќаат исто толку тематски целини. Во секоја тематска целина авторот има поставено по неколку прашања за повторување и практични задачи на студентите, како и прашања за дискусија.

**Првото поглавје** е со наслов *Теоретски и нормативно-правен пристап на индустриските односи* и во неа се опфатени следните тематски единици: поим, предмет, методи, принципи, извори, значење и модели на индустриските односи (англосаксонски, корпоративистички и медитерански) на медиумското право (меѓународни и национални извори).

**Второто поглавје** е со наслов *Појава и развој на индустриските односи* и ги опфаќа следните наслови: 1) Настанок и развој до Првата светска војна; 2) Појава на работничкото движење; 3) Работничкото законодавство и признавање на правото на синдикално организирање и здружување; 4) Развој на индустриските односи меѓу двете светски војни; 5) Развој на индустриските односи меѓу двете светски војни во СССР; 6) Развој на индустриските односи меѓу двете светски војни во Западна Европа и светот; 7) Основање на МОТ; 8)Основање на Економско-социјалниот совет во Франција; 9) Индустриските односи за време на Втората светска војна; 10) Интернационализација на работничкото делување; 11) Благонаклонетост на капиталистичките држави кон работниците и нивните барања;12) Развој на индустриските односи во постсоцијалистичките држави.

**Третото поглавје** е со наслов *Извори на правото на индустриски односи* и ги содржи изворите на правото на индустриски односи од домашно меѓународно потекло. Притоа, авторот прво се осврнува на изворите на правото на индустриски односи од национално потекло кои ги класифицира во хетерономни и автономни извори. Од хетерономните извори, тој ги анализира најважните правни акти според нивната правна сила, почнувајќи од Уставот, законот и подзаконските акти. Исто така, авторот ги анализира и објаснува карактеристиките на најважните автономни извори на правото на индустриските односи од национално потекло: колективниот договор, трипартитните спогодби и договори и општите акти на работодавачот (претпријатието) во кои спаѓаат а) статутот на претпријатието; б) правилниците и други општи акти на претпријатието.

Во рамките на ова поглавје авторот ги анализира и изворите на правото на индустриски односи од меѓународно потекло и тоа: актите на МОТ, актите на ООН, актите на Советот на Европа и ЕУ. Имајќи го предвид огромното значење на МОТ за меѓународното трудово право и индустриските односи, авторот со право посветил соодветно внимание и на МОТ, односно на нејзиниот историски развој, основните обележја на организацијата, дејноста, организациската структура, помошните тела и др. Исто така, во рамките на поглавјето, авторот ја објаснува разликата на правната природа на конвенциите и препораките на МОТ, примената на актите на МОТ и нивниот соодност со националното законодавство (монистичко и дуалистичко сфаќање), како и содржината на најважните правни акти на МОТ, особено: Уставот на МОТ, Декларацијата за целите и задачите на МОТ *(Филаделфиска* декларација) и Декларацијата за основните принципи и права од работа.

Од актите на ООН, авторот ги анализира следните меѓународни извори на правото на индустриски односи*:* Повелбата на ООН (1945); Универзалната декларација за правата на човекот (1948); Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права (1966); Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (1966).

Од актите на Советот на Европа како најважни извори на правото на индустриски односи авторот ги анализира: Европската конвенција за правата на човекот (1950); Европската социјална повелба (1961), додека од актите на ЕУ се анализирани: Договорот за Европската Унија; Повелбата на Заедницата за основните социјални права на работниците (1989); Повелба за фундаменталните права на ЕУ (2000); Директивата 2002/14/ЕЦ и др.

Исто така, во рамките на поглавјето авторот го објаснува и меѓусебниот однос на изворите на правото на индустриски односи и тоа: 1) Меѓусебен однос на домашните (националните) и меѓународните извори на правото на индустриски односи; 2) Меѓусебен однос на националните извори на правото на индустриски односи.

**Четвртото поглавје** е со наслов *Принципи на индустриските односи,* во кое авторот ги објаснува основните принципи на кои почиваат индустриските односи. Основните принципи на индустриските односи се содржани во конвенциите и препораките на Меѓународната организација на трудот, како и во другите акти на меѓународното право. Како најважни принципи (начела) на кои се темелат индустриските односи се: автономноста на субјектите (синдикатот и работодавачите), социјалнниот дијалог*, бипартизмот, трипартизмот и* поповолност за вработените (in favorem labaratoris). Притоа, авторот се осврнува на секој принцип одделно.

**Петтото поглавје** е со наслов *Право на работниците и работодавачите на слобода на здружување и организирање* во кое се анализирани најважните правни акти на МОТ, ООН, Советот на Европа и Европската Унија.

**Шестото поглавје** е со наслов *Субјекти на индустриските односи* во кое авторот детално ги разграничува субјектите на индустриските односи страната на работниците и субјектите на индустриските односи страната на работодавачите. Најважни субјекти на страната на работниците се: синдикатот; советот на вработени; мнозинството на вработени кај работодавачот и штрајкувачкиот одбор. Притоа, авторот се осврнува на теоретските аспекти на синдикатот каде што ги појаснува: поимот, дефиницијата и ставови за синдикат; Функции на синдикатот; Методи на делување на синдикатот; а) Основање на синдикатот б) Пристапување (зачленување) во синдикатот; в) Обврски на работодавачот во однос на синдикатот; д) Модели на претставување на синдикатот; 1) Мнозински модел; 2) Репрезентативен модел; ѓ) Критериуми за репрезентативност; е) Орган надлежен за утврдување на репрезентативноста; ж) Постапка за утврдување на репрезентативност; з) Репрезентативноста како причина за меѓусиндикален спор во Република Македонија; ѕ) Степен на синдикализација и индустриските односи; и) Принцип на организирање на синдикатите; ј) Облици на синдикалното организирање; к) Моќта на синдикатот во транзицијата; Облиците на организирање на синдикатот; 1) Синдикат во претпријатие; 2) Граѓански синдикат; 3) Национална конфедерација на синдикати; 4) Европска конфедерација на синдикати; 5) Европски синдикален институт; 6) Меѓународна конфедерација на синдикатот.

Во рамките на ова поглавје авторот се осврнува и на субјектите на индустриските односи на страната на работодавачите. Како најважни субјекти на индустриските односи на страната на работодавачите авторот ги наведува здружението на работодавачи и стопанските комори.

Исто така, авторот во текстот се осврнува и на субјектите на индустриските односи на страната на државата. За индустриските односи посебно значење има фактот што државата и нејзините органи се јавуваат во улога на работодавачи, учесници во колективното преговарање, субјект на колективен работен спор и субјект на трипартитните тела. На национално ниво државата по правило ја претставува владата, а во системот на колективното преговарање и процесот на решавање на колективните работни спорови, како и во одделни трипартитни и бипартитни ангажирања - ресорното министерство или други државни органи.

Познато е дека единиците на територијалната автономија и локалната самоуправа се појавуваат во улога на работодавач во однос на вработените кои работат во нивните органи и организации, како и во однос на вработените кои работат во установите, службите, институциите и претпријатијата чиј основачи се тие. На ниво на единици на

територијална автономија и локална самоуправа воспоставени се голем број на облици на трипартитна соработка и дијалог. Таа соработка во единиците на локалната самоуправа најчесто се одвива преку локални економско-социјалните совети (ЛЕСС) и други тела и институции составени на принципот на трипартизам.

**Седмото поглавје** е со наслов *Колективни права и обврски и колективни интереси,* каде што авторот прави прецизна дистинкција помеѓу колективните права и обврски на вработените и колективните права на работодавачите. Исто така, авторот се осврнува и на колективните интереси на вработените и колективните интереси на работодавачите.

**Осмото поглавје** се однесува на *Колективното преговарање и колективните договори,* во кое авторот опсежно ги објаснува поимот и суштина на преговарањето, поимот и дефиниција на колективното преговарање, теориите за правната природа на колективните преговори, предмет, содржина и облик на колективното преговарање, проширување *(extension)* на предметот на колективното преговарање, основни претпоставки за колективното преговарање, субјекти на колективното преговарање, видови и нивоа на колективно договарање, начело на поповолност за вработените *(in favorem labaratoris)*, односот на колективните договори со другите правни акти (закон, општи акти на работодавачот), времетраење на важноста на колективниот договор, престанок на важење на колективниот договор, регистрирање, објавување, применување, функции, значење и др.

**Деветтото поглавје** е со наслов *Теоретски и правен пристап на колективното преговарање* во кое се објаснети ставовите на најважните теоретичари за колективното преговарање, како и правните инструменти на МОТ, ООН, Советот на Европа и Европската Унија за колективното преговарање.

**Десеттото поглавје** е со наслов *Колективното преговарање во Европската Унија* во кое авторот се осврнува на субјектите на колективното преговарање во ЕУ, правната рамка за колективното преговарање во ЕУ и покриеноста на вработените со колективно преговарање во ЕУ.

**Единаесеттото поглавје** е со наслов *Трипартизам* во кое авторот ги објаснува поимот и суштината на трипартизмот, институционалниот развој на трипартизмот во светот и Европа, значењето на трипартизмот, трипартизмот во државите од Источна и Југоисточна Европа, правната рамка на трипартизмот низ призмата на меѓународно-правните инструменти на трипартзимот донесени од страна на МОТ, ООН, Советот на Европа и ЕУ и др.

**Дванаесеттото поглавје** е со наслов *Колективен работен спор* и ги обработува следните прашања: поим, предметот, колективни права и колективни интереси, субјектите на колективниот работен спор, видови на колективен работен спор, колективни работни спорови според нивото, меѓусиндикален спор како колективен (не и работен) спор. Исто така, во рамките на ова поглавје се анализирани и принципите и моделите на колективните работни спорови, правните, вонправните и институционалните аспекти на моделот на решавање на колективните работни спорови, институционалните аспекти на моделот на решавање на колективни работни спорови и др.

**Тринаесеттото поглавје** е со наслов М*ирно решавање на колективните работни спорови* и ги опфаќа следните прашања: мирни методи на решавање на колективните работни спорови во кои спаѓаат: *помирувањето, посредувањето, арбитражата, истражувањето на факти, медијација-арбитража, неформални методи и др.*

**Четиринаесеттото поглавје** е со наслов *Институции за решавање на колективните работни спорови* и ги опфаќа следниве поднаслови: Јавни служби за мирење и посредување: компаративна анализа; Правосудни органи; Правна и институционална рамка за решавање на колективните работни спорови; Акти на МОТ, Акти на Советот на Европа и др.

**Петнаесеттото поглавје** е со наслов *Решавање на колективните работни спорови со колективна акција* и ги содржи следниве поднаслови: Колективна акција на вработените; Поим и дефиниции за штрајкот; Генеза на правото на штрајк; Штрајкот како кривично дело; Штрајкот како граѓанско-правен деликт; Законски и теоретски дефиниции на штрајкот и др.

**Шеснаесеттото поглавје** е со наслов *Право на штрајк* и ги обработува следните прашања: Право на штрајк во меѓународното право; Правото на штрајк во актите на МОТ; Правото на штрајк во актите на ООН; Право на штрајк во актите на Советот на Европа; Правото на штрајк како уставно право; Последици од организирање и учество во штрајк; Правни последици на штрајкот; Видови на штрајкови; Штрајкови според предметот на борба; Штрајкови според нивото на организирање (опфат на вработените; Штрајкови според начинот на организирање; Штрајкови според методот на борба; Спонтани штрајкови; Конвенционален штрајк; Престанување на штрајкот; Престанување на штрајкот со спогодување и др.

**Седумнаесеттото поглавје** се однесува на *Индустриски акции на работниците различни од штрајкот* и ги опфаќа следниве прашања: Индустриски акции на работниците (синдикатот); Работничка стража; Бојкот; Саботажа (sabotage).

**Осумнаесеттото поглавје** е со наслов *Колективна акција на работодавачите* и ги опфаќа следните прашања: Поим на локаут (lock-out); Обележја на локаутот; Видови на локаут; Црни листи на синдикални активисти; Облици на економски и други видови на притисоци; Заменување на штрајкувачи и др.

**Деветнаесеттото поглавје** е со наслов *Право на партиципација на вработените* и ги опфаќа следниве прашања: Терминолошко определување; Историски развој на работничката партиципација; Филозофија на работничката партиципација; Правна основа за работничката партиципација; Облици на партиципација на вработените во управувањето со претпријатието; Институционални облици на партиципација на работниците во управувањето со претпријатието; Совет на вработените; Германски модел на совет на вработени; Француски модел на совет на вработените; Европски совет на вработени и др.

**Дваесеттото поглавје** е со наслов *Синдикатот, политиката и политичките партии* во кое авторот го анализира односот на синдикатот и политичките партии во различни држави во светот.

Последното **дваесет и прво поглавје** е со наслов *Корупцијата во индустриските односи* во кое авторот го одредува поимот корупција, ги детерминира причините, ја анализира корупцијата од аспект на правни регулација на оваа негативна појава во општеството.

## З А К Л У Ч О К

Учебникот со наслов „Индустриски односи - регулатива, теорија и практика» од авторот проф. д-р Андон Мајхошев е систематски и логички подреден на современ начин каде што во XXI поглавја (тематски целини) се прикажани најважните правни акти, правни институти, принципи, начела и институции на индустриските односи како важна правна дисциплина. Материјата е презентираната на еден јасен, студиозен, стручно-методолошки начин, поради што студентите ќе можат оваа материја без тешкотија да ја совладаат. Врз основа на содржината на ракописот, сметаме дека овој учебник ќе им овозможи на студентите од втор циклус на студии да се стекнат со потребните знаења за оваа област, а ќе даде придонес и во научната и стручната јавност и затоа со големо задоволство препорачуваме да биде објавен.

Врз основа на гореизнесеното, му предлагаме на **Наставно-научниот совет на Правниот факултет во Штип, учебникот со наслов „Индустриски односи -регулатива, теорија и практика" од проф. д-р Андон Мајхошев да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Војо Беловски,** редовен професор, с.р.
**Д-р Билјана Тодорова,** редовен професор, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно- научниот совет на единицата**

| ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|---|
| | 1. Европската правна рамка за заштита на животната средина и хармонизацијата на законодавството на Европската Унија во македонскиот правен систем | 1102-41/12 од 10.2.2021 г. | Вон. проф. д-р Ана Никодиновска-Крстевска | Вероника Газепова |
| | 2. Организациската поставеност, јавната администрација и начинот на одлучување, основа за ефикасна локална самоуправа во Источно-планскиот регион | 1102-41/13 од 10.2.2021 г. | Проф. д-р Јадранка Денкова | Елизабета Џамбазова |
| | 3. Правните дилеми врзани со институтот евтаназија | 1102-41/14 од 10.2.2021 г. | Вон. проф. д-р Олга Кошевалиска | Ирена Павлова |